MACEDONIA
# Македонија
NEWSPAPER

November 06, 2023 ■ Volume 41, Issue 1(461) ■ Free www.macedonianewspaper.com







**41-ВА ИЗДАВАЧКА ГОДИНА**

**ПРВИОТ БРОЈ НА ВЕСНИКОТ „МАКЕДОНИЈА" БЕШЕ ОБЈАВЕН НА 1-ВИ НОЕМВРИ, 1984 ГОДИНА**






Македонија

Е месечен весник, гласило на Македонците во Северна Америка.
Излегува во првата седмица од месецот.
Првиот број на “Македонија“ излезе на први ноември 1984 година и оттогаш весникот излегува редовно, секој месец уредуван од Танас Јовановски за-



клучно со октомври 2013-та година од кога истиот е под уредништво на Соња Лозановска.
Почитувани читатели и соработници:
Вашите написи, коментари, огласи, реклами, соопштенија и друго треба да пристигнат во Редакцијата најдоцна до 1-от ден во месецот, за да бидат објавени во бројот за тој месец.
ЗАБЕЛЕШКА: коментарите објавени на страниците на овој весник со потпис на авторите или изворот на информацијата се мислења на истите и не секогаш го одразуваат ставот на Редакцијата.
Редакцијата на “Македонија“ е одговорна само за текстовите без потпис.
Материјалите испратени на адреса на овој весник стануваат негова сопственост, освен ако за тоа претходно е постигната поинаква согласност.
Помогнете го весникот Македонија, помагајќи го ја помагате македонската заедница, македонскиот збор, македонската вистина..



*Со почит,*
*Соња Лозановска*
*главен и одговорен уредник.*

*Техничко уредување и дизајн Соња Лозановска*

Our address:
**Macedonia**
**1840 Bloor Street,**
**Suite 711**
**Mississauga, ON**
**L4X 1T2**
Tel. :416-827-0954
macedonia.canada@yahoo.com

Published by
901039 Ontario Limited

# Македонија

## Месечен весник на Македонците во Канада.
## Прииот број беше објавен на 1-ви ноември 1984 година.

**Почитувани читатели,**

**Продолжувањето на нашата мисија во зачувување на македонската култура, јазик, идентитет и традиции е невозможно без Вашата поддршка и помош.**
**Затоа, Ве покануваме да го помогнете и да се претплатите на весникот Македонија.**
**Истиот ќе биде доставен во првата седмица од месецот до Вашиот дом или работно место.**
**Ви благодариме.**

## Голема благодарност до нашите соработници:

***Танас Јовановски***
- поранешен уредник на весникот ,,Македонија’’, колумнист
***Протаставрофор Илија Донев -*** *соработник за верата*
***Никола Петковски*** - креатор на крстозборот за весникот Македонија
***Зоран Андоновски*** – соработник
***Ташко Кубановски*** - за рубриката ,,Афоризми’’(Постхумно, архивирани необјавени материјали)
***Зоран Карапанчев*** - фотограф, соработник
***Боне Темелков -*** *СМК-Канада*

Специјални Дописници:
За Македонците од Албанија известува
***Никола Ѓурѓај***
Од Пиринска Македонија за весникот Македонија:
***Стојко Стојков***
***Блага Дафовска*** *во рубриката ,,Поезија со повод,,*
***Славе Катин -*** *соработник публицист*
Колумнисти:
***Горнан Јовановски***
***Диме Костов***
***Каролина Ристеска- ,,Направи сам,,***

## ,,MACEDONIA,, AVAILABLE AT THESE LOCATIONS

**The Macedonian Orthodox Cathedral "St. Clement of Ohrid"**
76 Overlea Blvd. - Toronto, Ontario - M4H 1C5

**St Ilija Macedonian Orthodox Church**
1775 Bristol Rd W, Mississauga, ON

**St. Dimitrija Solunski Macedonian Orthodox Church**
201 Main St N, Markham, ON

**St Nedela Macedonian Orthodox Church**
485 Bayly St W, Ajax, ON L1S 6M7

**St. Nicholas Macedonian Orthodox Church**
5225 Howard Ave, Windsor, ON N9A 6Z6

**St. Naum of Ohrid Macedonian Orthodox Church**
1150 Stone Church Rd E, Hamilton, ON L8W

**CANADIAN MACEDONIAN PLACE**
850 O’Connor Drive, Toronto, Ontario, Canada M4B 3L6

**"California Pub & Grill"**
914 Pape Avenue Toronto, ON M4K 3V2 East York

**Stari Grad**
3862 Bloor St W, Toronto, ON M9B 1K9 starigrad.ca

**Markland Wood Pharmacy**
4335 Bloor St W, Etobicoke, ON M9C 2A5

**Old Mill Pastry Mississauga**
385 The West Mall, Etobicoke, ON M9C 1E7

**Pastries Delicatessen**
290 The West Mall, Etobicoke, ON M9C 1C6

**Sarajevo Grill & Meat**
225 The East Mall, Etobicoke, ON M9B 6J1

**Royal Meats**
3635 Cawthra Rd, Mississauga, ON L5A 2Y5

**Mrakovic Meat & Deli**
44 Wellesworth Dr, Etobicoke, ON M9C 4R1

**Phone: 416-827-0954**
**E-mail macedonia.canada@yahoo.com**
**http://www.macedonianewspaper.com/**
**Macedonia**
**1840 Bloor st. Suite 711**
**Mississauga, On.**
**L4X 1T2 Canada**


St. Clement Of Ohrid - Macedonian Orthodox Cathedral
Toronto, Ontario, Canada
You are invited to the
ST. CLEMENT
PATRON DAY BANQUET
Saturday, December 9, 2023
Vespers 5:30 PM | Banquet 6:30 PM
$50 Adult Ticket | $20 Child Ticket
Music by Sonja, Oliver and Stiv
St. Clement of Ohrid - Macedonian Orthodox Cathedral
76 Overlea Blvd, East York, Ontario M4H 1C5
416-421-7451 | info@stclementofohrid.com | www.stclementofohrid.com




**November 6, 2023**
**Another successful Mitrovden Bazaar at St. Clement of Ohrid Macedonian Orthodox Cathedral, Toronto.**









## СООПШТЕНИЕ

Почитувани парохијани, поканети сте на годишната “Климентова Вечер”!
Вечерна Богослужба во 17:30. Банкетот почнува во 18:30.
Билети $50 / $20 за деца
Музика од Соња, Оливер и Стив.
За резервирање маси и купување билети, јавете се на 416-421-7451 или испратете е-маил на info@stclementofohrid.com.

## ANNOUNCEMENT

Join us for our annual St. Clement Patron Day Banquet! Vespers at 5:30 pm.
The Banquet begins at 6:30 pm.
$50 Adult Ticket / $20 Child Ticket
Music by Sonja, Oliver and Stiv.
To reserve a table, please call 416-421-7451 or email info@stclementofohrid.com




## BOOK YOUR EVENT NOW!

Need a banquet hall for your wedding, baby shower or other event?
In addition to the beautiful church we have built, St. Clement of Ohrid also has three banquet halls available to church members. Whether your function is a wedding, a christening, or a bridal shower, St. Clement's banquet halls can accommodate you. Our table arrangements can accommodate groups as small as 50, all the way up to 500 guests seated comfortably. Our full kitchen and very capable staff has wide variety of foods that can be prepared and served in top quality fashion.

**Contact Info**
**Address:76 Overlea Blvd, Toronto, ONM4H 1C5 •Email:info@ stclementofohrid.com**

**Phone:+1 416-421-7451**





# СВЕЧЕН БАНКЕТ ВО ЧЕСТ НА ПАТРОНИОТ ДЕН НА СВ. ВЕЛИКОМАЧЕНИК ДИМИТРИЈА СОЛУНСКИ, МАРКАМ

На 4-ти ноември во свечената банкетна сала на Македонската Православна Црква Свети Димитрија Солунски која се наоѓа на преубавата главна улица во градот Маркам се одржа банкет во чест на патрониот ден кој секоја година се празнува на 8-ми ноември.

Свеченоста отпочна со настап на малата и големата група на КУД ,,Билјана,, од црквата Св. Димитрија со кои раководи кореограф Давид Тасевски. Со својата младост, малечките Македончиња, колоритноста на носиите и енергичната изведба на македонските фолклорни игри ја пленија публиката и предизвикаа овации. Ништо памалку воодушевувачки не беше ниту настапот на ансамблот ,,Здравец,, од црквата славеник кој освен Македонци е составен и со членови кои се вљубеници во македонскиот фолклор,а немаат македонска крв.

Како дел од банкетот беше и осветувањето на лебот, виното и пченицата по повод празникот Митровден, чин кој го удостоија парохискиот свештеник во црквата Свети Димитрија Солунски Горан Ристески, поранешниот свештеник во истата- Трајко Босеовски, отците Сашо Целески и Александар Тодоровски од Македонската православна црква Свети Климент Охридски од Торонто и отец Александар Зашов од МПЦ Света Недела од Ејџекс.













Кумови на годинашната Митровденска патронова слава се Мери и Диме Малаковски кој е и претседател на црковната управа. За следната година кумството го презедоа Трена и Дана Кузмановски.
На банкетот беше лицитирано и печено прасе кое достигна вредност од 500 долари, средства како дар за црквата, а истото го откупи Живко Секуловски. Печеното прасе беше послужено на гостите на банкетот.
Следуваше богата празнична вечера за која што беше задолжен персоналот во кујната, а голема заслуга имаше и претседателката на женската секција Сојна Алексовска Мириќ со своите соработнички.Во забавниот дел настапи Соња и Оливер бенд со Стив Штуревски.

## Чудо на св. Димитриј Солунски

Св. Димитриј во животот бил солунски војвода и тоа останал и по смртта. Неговото присуство во Солун луѓето го чувствувале посебно кога имало големи беди. Тој го заштитувал градот, ги отклонувал неволјите, ги одбивал завојувачите и им помагал на сите кои го повикувале неговото име. Еве еден прекрасен случај за неговата необична помош на луѓето во беда. Еднаш нападнале варвари на Солун и не можеле да го заземат. Гневни заради тоа, тие ја ограбиле сета околина и во ропство одвеле две прекрасни девојки, кои му ги подариле на својот кнез. Тие две девојки знаеле многу добро рачно да везат. Кога кнезот видел некои нивни рачни работи, им рекол: “Сум слушнал дека во вашата земја постои голем Бог, Димитриј и тој правел големи чуда, извезете го на платно неговиот лик”. Девојките му кажале дека св. Димитриј не е бог, туку дека е слуга Божји и помошник на христијаните, и во почетокот не сакале да го везат ликот на светителот, но кога кнезот им се заканил со смрт, тие го извршиле заповеданото и работата ја завршиле до денот на св. Димитриј. Во предвечерието на празникот, тие го гледале својот вез и плачеле тагувајќи, едно, заради тоа што тој празник го поминуваат во ропство, а друго, заради тоа што везениот лик на својот омилен светител мора да му го дадат на нечестивиот варварин. И двете девојки се молеле на св. Димитриј да им прости. Тогаш св. Димитриј се јавил, ги зел двете девојки, како некогаш ангелот што го зел пророкот Авакум, ги пренесол во Солун и ги поставил во својата црква. Во црквата се служело сеноќно бдение и имало многу народ.

Кога дознале за ова чудно спасение на овие христијански девојки, сите го прославиле Бога и Неговиот голем слуга и војвода св. Димитриј.




## МИТРОВДЕНСКИОТ БАЗАР ВО СВЕТИ ДИМИТРИЈА БЕШЕ ЕДЕН ОД НАЈУСПЕШНИТЕ ДОСЕГА



Женската секција со претседателката Сојна Алексовска Мириќ на 6-ти ноември го организираше Митровденскиот Базар на кој присутните можеа купат од претходно подготвените зелници и други дарови за црквата Свети Димитрија Солунски во Маркам. Овој базар има голема традиција, а се одржува во чест на патрониот ден на црквата.

# VAC DEV

Accredited Nadcap

AS9100C & ISO9001:2008 Certified

## VAC DEVELOPMENTS LTD
## http://www.vacdev.com

***2270 Bristol Circle, oakville Ontario L6H 5S3***

# ***Bill Hristovski***




## ***Join the VAC Dev Team!***

***An industry leader in precision fabrication of aerospace and defence products, we are growing our organization with people who share our passion and enthusiasm for manufacturing quality products.***

**На сите новодојдени од Македонија им даваме можност за вработување и обезбедување на обука во авио металската индустрија, лимарија, машинство и инжинерство, планирање и други можности**

## *VAC Developments Ltd careers*

***Warehouse Associate - Packing/Shipping/Receiving***
Oakville, ON • Full-time

***Sheet Metal Mechanic- Fabrication - Day Shift***
Oakville, ON • Full-time

***Sheet Metal Mechanic - Machining/Fabrication Shop- Afternoon Shift***
Oakville, ON • Full-time

***Planner Production - Machining/Fabrication Shop***
Oakville, ON • Full-time

***Manual Machinist***
Oakville, ON • Full-time

***Estimator Machining/Fabrication Shop***
Oakville, ON • Full-time

***Deburring Grinding Technician - Afternoon Shift***
Oakville, ON • Full-time

***Deburrer Grinding Technician - Day Shift***
Oakville, ON • Full-time

***CNC Machinist - Day Shift***
Oakville, ON • Full-time

***CNC Machinist - Afternoon Shift***
Oakville, ON • Full-time

***Assembler Part Markers -Aerospace***
Oakville, ON • Full-time









## ГЛАВАТА ГОРЕ! ПОПИСОТ НА НАСЕЛЕНИЕТО И СТАНОВИТЕ 2023 ЌЕ ПРОДОЛЖИ ДО 15 НОЕМВРИ 2023 ГОДИНА



Македонско друштво "Илинден"-Тирана ги повикува сите Македонци во Република Албанија да се изјаснат дека се Македонци да го чуват својот Македонски идендитет.

Институтот за статистика на Република Албанија, ИНСТАТ, соопшти дека „Пописот на населението и становите 2023" ќе продолжи до 15 ноември 2023 година, додека овој процес беше планирано да заврши на крајот на октомври.Во соопштението на ИНСТАТ се вели дека околу 3 отсто од површините на целата територија на Република Албанија се уште не се избројани, поради што, според оваа институција, во некои области на некои општини во државата, собирањето информации во рамките на пописот на населението ќе продолжи до 15 ноември 2023 година.Пописот бара информации за демографските, социјалните и економските карактеристики на поединците. Ова вклучува прашања за возраста, полот, односите меѓу членовите на семејството, местото на раѓање, степенот на образование, работниот статус, етничката припадност, религијата, попреченоста и условите за живеење. За прв пат, одговорите ќе бидат снимени од анкетарите на таблети.

Проверете дали вашиот одговор е правилно внесен на таблетот (електронскиот уред) со кој се регистрирате, според тоа што сте го пријавиле.Пописот на целокупното население и домувањето е најважната статистичка операција во државата и врз основа на овие податоци институциите ќе можат правилно да ги планираат потребните интервенции и услуги за жителите.

## ПРОМОЦИЈА НА "СОБРАНИ ДЕЛА - ПРВ ТОМ" ОД СПАСЕ МАЗЕНКОВСКИ

Единствената Македонска партија во Албанија - Македонска алијанса за европска интеграција, по повод 70 години од раѓањето на Спасе Мазенковски и 11 Октомври - Денот на востанието на Македонскиот народ, во своите простории во Пустец организира промоција на првиот том "Собрани дела" на Спасе Мазенковски кои за првпат се објавуваат на македонски јазик.Издавач на книгата е печатницата "Менора", а промотор на книгата беше проф.д-р Катерина Тодороска.Пригодни обраќања на промоцијата за животот и делото на Спасе Мазенковски имаа ќерката на Спасе Мазенковски - Елеонора Мазенковска Стојан, претседателот на Македонската партија во Албанија Васил Стерјовски, градоначалникот на општина Пустец Пали Колефски, уредникот на Македонското радио во Австралија "Трипати зет" Ицо Најдоски, поранешниот градоначалник на општина Пустец Едмонд Темелко, претседателот на Светскиот Македонски Конгрес Тодор Петров, новинарот Кирил Добрушевски од Битола и советникот во општина Пустец Ефтим Митревски.Сите говорници евоцираа спомени од животот на Спасе Мазенковски и неговите дела.

Ќерката на покојниот Спасе Мазенковски, Елеонора Мазенковска Стојан изрази благодарност до проф.д-р Катерина Тодороска, која прифатила да ги обработи и објави ракописите од необјавените дела на Спасе Мазенковски. Проф.д-р Катерина Тодороска информира дека за очекување се и наредни томови од ракописите на Спасе Мазенковски кои ќе се објават дополнително, за што јав-



носта ќе биде благовремено известена.

На промоцијата присуствуваа и парохискиот свештеник во Пустец отец Алекс Темелко и претседателот на Матицата на иселениците од Македонија Иван Петрески.

Присутните ја прифатија иницијативата за организирање традиционална годишна Културна манифестација која би се организирала секоја година во Пустец, со литературни читања од делата на Спасе Мазенковски и Стерјо Спасе.Делегација од организаторите на промоцијата положија свежо цвеќе и запалија свеќи на гробот на Спасе Мазенковски во неговото родно место Леска, и ја посетија неговата сопруга Наташа Мазенковска и се задржаа во разговор со неа.

## МАКЕДОНСКА ФОЛКЛОРНА ГРУПА ОД ПУСТЕЦ, ПРЕСПА НАСТАПИ ПРЕД УЧЕСНИЦИТЕ ВО САМИТОТ НА БЕРЛИНСКИОТ ПРОЦЕС ВО ТИРАНА

Во Тирана се одржа Самитот на лидерите на Берлинскиот процес, на кој учествуваа лидерите на земјите учеснички во овој процес. На Самитот на Пирамидата во Тирана, учествуваа лидерите на Европската Унија (ЕУ), земјите од ЕУ и лидерите на земјите од Западен Балкан.

Македонската фолклорна група од областа Преспа, настапи пред учесниците на Самитот на Берлинскиот процес во Тирана. Логистичка подршка за настап на фолклорната група даде општина Пустец, додека групата ја предводеше Лази Стојани, одговорен за културата во општина Пустец.









# ПРВА ПОСЕТА И ЗАЕДНИЧКА БОГОСЛУЖБА НА ДВЕ СЕСТРИНСКИ ЦРКВИ ВО СЕВЕРНА АМЕРИКА





**Испратил: Отец Александар Зашов, парохиски свештеник во М.П.Ц. Св. Недела, Ејџекс**

-На 22 Октомври, кога светата Црква го слави споменот на Св. ап. Јаков Алфеев; св. праотци Авраам и Лот, група верници од Македонската Православна Црква "Света Недела" од Ејџекс, предводени од свештеникот Александар Зашов и претседателот на Црковната управа г. Славе Бунтески, ја посетија Македонската Православна Црква "Свети Никола" во Виндзор. На Литургијата верниците се поклонија на моштите на Светиот Николај, а по отслужената Света Литургија во преполната Црква, од страна на домаќините беше приготвен свечен ручек. Со прекрасен говор најнапред се обрати Претседателката на Црковната Управа Вера Најдоска, која со воодушевување ги поздрави гостите и накратко ја раскажа историјата на Црквата, а потоа го повика и претседателот на Црковната Управа на "Света Недела" и тој се заблагодари на поканата и на организацијата од страна на Маја Димитриески и од се срце ги покани домаќините да дојдат на посета и на нашата Црква "Света Недела". Со прекрасен ручек, верниците разменија искуства, се создадоа многу пријателства и ветувања за наредна средба. Од се срце им благодариме на домаќините за прекрасниот пречек.



**Изјава на Славе Бунтески, претседател на црковната управа во Света Недела од Ејџекс по посетата на Св. Никола, Виндзор:**

Посетата на нашата сестринска црква, Св. Никола во Виндзор беше прва посета и прва заедничка богослужба која две македонски православни цркви ја остваруваат на просторите на Северна Америка. Ние ја имавме огромната чест и задоволство да бидеме гости на нашите браќа и сестри во Св. Никола Виндзор.Затоа упатувам голема благодарност од име на мојата управа и од мое лично име до претседателката Вера Најдовска со управниот одбор на црквата Свети Никола до свештеникот Емил Атанасов, членките на женската секција, парохијаните, сите кои беа присутни, ни' посветија големо внимание и направија одличен пречек. Тоа беше средба која долго ќе ја паметиме и ќе ни биде наше големо задоволство да ја возвратиме оваа посета во наредниот период. Ваквите средби со нашите сестрински македонски православни цркви би требало да станат практика затоа што на тој начин ќе се запознаваме подобро, почитуваме и сакаме повеќе. Со еден збор, како Македонци ќе бидеме посплотени-истакна претседателот на управата во Света Недела, Славе Бунтески.

## ПРИЗНАНИЕ ЗА ЦРКВАТА СВЕТА НЕДЕЛА ПО ПОВОД 25 ГОДИШНИОТ ЈУБИЛЕЈ НА РАДИО ПРОГРАМАТА „ОБЕДИНЕТА МАКЕДОНИЈА„



„Најпопуларната македонска радио програма „Обединета Македонија„ која ја раководи Драгица Димовска на 21-ви октомври го прослави 25 годишниот јубилеј. Во таа пригода во знак на поддршка и благодарност за одличната соработка низ минатите години на црквата Света Недела и го врачи високото признание кое е поттик за продолжување на истата и во иднина. Признанието го прими претседателот на црковната управа Славе Бунтески кој при тоа одржа впечатлив поздравен говор.










# 25 ГОДИШЕН ЈУБИЛЕЈ НА МАКЕДОНСКОТО РАДИО „ОБЕДИНЕТА МАКЕДОНИЈА“ ОД ТОРОНТО







Јубилејот 25 години на македонското патриотско радио „Обединета Македонија“ од Торонто, Канада, основано од уредниците Драгица и Мицко Димовски е омилен медиум за Македонците од етничка Македонија во мултикултурна Канада. Тоа е формирано во 1998 година и се емитува секоја сабота од 9-10 часот наутро на 1430 АМ на мултикултурната Радио станицата СНКТ. Радиото „Обединета Македонија“ е добитник на Повелбата на Република Македонија кое се доделува за успех на разни поединци, здруженија, организации и институции.

Канада се смета за светски пример на мултикултурно општество. Таа е прва земја во светот која официјално го призна мултикултурното шаренило и ја продолжува континуираната, значајна и доследна недискриминациска политика. Со тоа, мултикултурата на заедништво, почит и љубов кон Канада се прогласи за политика на власта на Канада, каде што секој староседелец или новодојденец како Канаѓанин има право на слобода на свеста, верата, мислата, изразувањето, мирното собирање и развој во сопствената култура, пропагирање и применување на сопствената религија и употребата на мајчиниот јазик пренесуван преку безброј генерации.

Често се вели дека Канада е „ветената земја“ за Македонците, особено од егејскиот дел на Македонија, кои во Канада ги уживаат сите човекови права. Додека во своите родени земји Грција (Елада) и Бугарија се еден вид туѓинци: немаат свои училишта, ни цркви; им се оспорува на¬цио¬налниот идентитет; врз нив се врши аси¬ми¬ла¬ција, денационализација и систематско ис¬тре¬бу¬ва¬ње. Затоа, со право и со гордост Ма¬ке-дон¬ците во Канада ја пеат химната „О, Ка¬нада…“

Така, македонските информативни гласила во Канада се од посебен интерес и имаат повеќекратно значење и улога во севкупното живеење на Македонците од етничка Македонија во новата средина. Нивната историја и развоен пат се бурни и многу интересни од новинарски, информативен, музички, национален и друг карактер.

Инаку, радио часовите на Македонците во Канада, со мали исклучоци, главно се изведуваат аматерски, во комерцијални цели и се скромно организирани, но со силен ентузијазам и љубов кон македонската пена и оро и кон Македонија. Тоа е од потребата македонските доселеници од сите делови на Македонија да слушнат и да разберат за состојбите, пред се’ во новата средина и пошироко од “стариот крај” – од дедовското огниште во Македонија.

Треба да се одблежи дека информативните гласила носат длабока порака: го јакнат патриотскиот дух, успеваат да го зачуваат националниот идентитет, јазикот, културата, духовното наследство и, над се’, богатите музички и фолклорни постигнувања на македонскиот народ. Од музички аспект, пак, радио часови во македонската дијаспора, носат исклучиво македонски карактер.

Еден од значајните и слушаните македонските радио часови во Канада е, секако, Македонското патриотско радио „Обединета Македонија“ од Торонто. Тоа е едно од неколкуте радио часови во ова канадска петропола, кај кое доаѓаат до израз, пред се’ и над се’, националните белези на македонскиот народ од етничка Македонија.

Македонското патриотско радио „Обединета Македонија“ ја започна својата информативна дејност уште во 1998 година, со своја аматерска програма и скромни финансиски можности. Водители и уредници се брачниот пар Драгица и Мицко Димовски, кои водат потекло од битолскиот крај. По смртта на Мицко Димовски, радиото го води неговата сопруга Драгица Димовска. Радиото се емитува секоја сабота од 9-10 часот наутро на 1430 АМ на Радио станицата СНКТ, а повторно емисиите се емитуваат на интернет на Етничкото радио за слушателите дури во Ванкувер и Калгари, во западниот дел на Канада. Затоа радиото „Обединета Македонија“ е добитник на Повелбата на Република Македонија кое се доделува за успех на разни поединци, здруженија, организации и институции.

Македонското патриотско радио „Обединета Македонија“ во изминатите 25 години стана посериозен гласник и едно од водечките македонски информатори во демократска и мултикултурна Канада. Меѓу другото, во изминатите година организира традиционални игранки, со настап на македонски естрадни уметници и со учество на фолклорни групи. Тоа е спонзорирано од македонски компании, Македонската православна црква “Свети Климент Охридски” и други македонски православни цркви, како и поединци, меѓу кои главен спонзор е, секако, почитуваната д-р. Елизабета Димовска.

Програмите на овој значаен и по многу нешта карактеристичен македонски радио час со единствено име во дијаспората како “Обединета Македонија” се разновидни и интересни за слушателите. На програмите се застапени, вести од Република Македонија, настани од македонската заедница во Торонто и пошироко, потоа соопштенија, поздрави и честитки и голем број музички програми со убави македонски песни и музика од сите делови на Македонија.

Драгица Димовски е душата на овој македонски радио час. Таа е позната и призната Македонка во македонската заедница во Канада. Драгица е многу активен член на Македонската православна црква “Свети Климнет Охридски” и особено на Литературното друштво “Браќа Миладиновци”. Таа е активна во Литературното дртуштво уште од неговото формирањето во 1987 година, а била повеќе пати претседател и потпретседател. Исто така, таа е активна и во Пензионерското друштво.

Една од активностите на Македонското патриотско радио “Обединета Македонија” е организирањето на годишната игранка. Имено, на 21 октоври 2023 година, во салата на Македонската православна црква “Св. Климент Охридски” во Торонто, се одржа 25-та традиционалната игранка. На оваа пријатна македонска вечер на која беа присутни бројни гости, ги забавуваше Бендот на Соња и Оливер и аспецијален гостин од Македонија беше Кире Враговски. Вечерта помина во пријатна атмосфера со поздравување, пред се’ од домаќинот Драгица Димовски, а потоа од одреден број гости, меѓу кои најзаслужните добија благодарници.

.

Забавата за 25 годишнината на Македонското патриотско радио “Обединета Македонија” траеше до доцна во ноќта, кога македонските ора и патриотските песните беа еден вид причина за големото другарување на Македонците од Торонто.



# ЛИТЕРАТУРНОТОТ ДРУШТВО ,,БРАЌА МИЛАДИНОВЦИ,, ЈА ПРОМОВИРАШЕ КНИГАТА “АЛХЕМИЈА НА ВЕЧНАТА ЗЕМЈА” ОД Д-Р ЛИЛИ БОШЕВСКА

Литературно Друштво Браќа Миладиновци - октомври ,2023

Во организација на Литературното друштво “ Браќа Миладиновци” од Торонто, успешно се реализираше промоцијата на книгата “Алхемија на вечната земја” од д-р Лили Бошевска, во просториите на друштвото при Катедралната Црква “ СВ. Климент Охридски во Торонто. Благодарност до управата и свештенството на Црквата и до Претседателството и членството на Литературното друштво, како и на новиот член на Литературното друштво и едно топло добредојде за д-р Лили Бошевска.



# НА 8- МИ ОКТОМВРИ МАКЕДОНСКИ И КАНАДСКИ ГРАФИЧАРИ ,,7Х7,, ЗАЕДНИЧКИ ГИ ИЗЛОЖИЈА СВОИТЕ ДЕЛА И ВО КАНАДА



На 8 ми ноември во во свечената сала на црквата Света Недела беше отворена изложбата „Македонски и канадски графичари 7х7“. Изложбата настана како плод на соработката на двајцата куратори, Дерек Мајкл Бесант и Владо Ѓорески, па се прошири на седум македонски и седум канадски графичари. Од Македонија по повод отворањето на изложбата допатува директорката на културно информативниот ценатр од Битола Лили Бошевска која изрази огромна благодарност до домаќините и можност нашите македонски уметници заеднички да изложуваат со своите колеги од Канада. Ова се имињата на авторите чии дела беа изложени:Бони Бакстер
Брајар Крег,Шон Колфилд, Дерек Мајкл Бесант,Жералд Хушлак, Гај Лангевин,
Жо Ан Ланвил, Либи Хаг, Марк Бови,Атанас Ботев, Сергеј Андреевски, Славица Јанешлиева,
Ладислав Цветковски, Светлана Јакимовска Родиќ, Трајче Блажевски,Ивана Настески,
Мирослава Цветковиќ и Владо Горески.



**МАКЕДОНСКА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА “СВ.ИЛИЈА“**

**MACEDONIAN ORTHODOX CHURCH “ST. ILIJA”**
**1775 Bristol Rd. West • Mississauga,**
**ON L5M 2Y5 (905) 821-8050**
**www.st-ilija.ca E-mail: admin@st-ilija.ca**

**САЛАТА ПРИ ЦРКВАТА СВ. ИЛИЈА ВО МИСИСАГА СЕ ИЗНАЈМУВА ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА : ПРИВАТНИ ЗАБАВИ, КРШТЕВКИ, ВЕРИДБИ, ПОГРЕБИ И ДРУГИ НАСТАНИ.**

**ОСВЕН ПРОСТОРОТ, ЦРКВАТА НУДИ И КОМПЛЕТНО МЕНИ СО ЈАДЕЊА ЗА ГОСТИТЕ.**
**КАПАЦИТЕТ: 150 ЛУЃЕ**

**ЗА ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ ЈАВЕТЕ СЕ КАЈ: ГОРНАН 647-710-3836 БИСЕРКА 416-319-4949**



# СВЕЧЕНО ПРОСЛАВЕН ВТОРИОТ ПАТРОН ВО СВЕТИ ИЛИЈА, СВЕТА ЗЛАТА МЕГЛЕНСКА



Црквата Свети Илија од Мисисага под својот покрив го има и вториот олтар, олтарот на Света Мегленска чијшто патронен ден се празнува на 26-ти октомври.

Во пресрет на овој ден, на 21 –ви октомври во банкетната сала беше одржан свечен банкет во присуство на верници од македонската заедница во Канада.

-Управата на црквата Свети Илија упатува огромна благодарност на кумовите Зоран и Билјана Милев за дарежливата поддршка на црквата. Господ нека ги благослови нив и нивното семејство- се вели во офијалното соопштение издадено по завршувањето на прославата.

Вечерта ја отвори претседателот на црковната управа Васко Недановски кој ги поздрави гостите, а програмата ја водеше Весна Трајковска. Гостите повторно беа почестени со настапите на големата и малата група на Ансамблот ,,Илинден,,!

Особена благодарност домаќините упатија до црквата Св. Недела и нивниот претседател господинот Славе Бунтески и Марија Ангелески кои што обезбедија неверојатна вечера за гостите на банкетот.

Кум за прославата следната година ќе биде претседателот на црквата Свети Илија Васко Недановски, а во црквата на празникот Злата Мегленска ќе кумува Елизабета Христовска Крстевска.

**Отец Благој Пенев, парохиски свештеник**
**во црквата Свети Илија, Мисисага Благој Пенев:**

-Сакам да им се заблагодарам на сите што присуствуваа на прославата по повод нашиот втор патрон празник ,,Света Злата Мегленска,, а исто така и на тие што присуствуваа на Светата Божествена Литургија на самиот патрон празник на ,,Света Злата Мегленска,, и да искажам благодарност до нашиот почитуван помагател на светиот олтар господинот Трифко Георгиевски кој на истиот ден наполни 90 години и 25 години помагаше во олтарот.









## РУЧЕК НА ПЕНЗИОНЕРСКОТО ДРУШТВО "РИВЕР САЈД" ПРИ М.П.Ц. СВ. ИЛИЈА ОД МИСИСАГА ПО ПОВОД ПРАЗНИКОТ СВ. ЗЛАТА МЕГЛЕНСКА



На 26-ти октомври, на Света Злата Мегленска, се служеше ручек во чест на Трифко Ѓеоргиевски за неговиот 90 роденден и 25 годишното работење како црковен служител во црквата Св. Илија, Мисисага. Тријада и Трифко Ѓеоргиевски беа донатори на ручекот, и им беше доделена благодарница за успешна долгогодишна соработка и особен придонес во афирмацијата и активностите и растежот на друштвото.

Пензионерското друштво "Ривер сајд", женската секција како и црковниот управен одбор искажува срдечни честитки на Трифко со желба да слави уште многу вакви среќни и радосни денови.



## МИТРОВДЕНСКИ БАЗАР НА ЖЕНСКАТА СЕКЦИЈА ОД ЦРКВАТА СВЕТИ ИЛИЈА, МИСИСАГА







На 5-ти ноември Женската Секција од Македонската Православна Црква Свети Илија од Мисисага го одржа традиционалниот Митровденски Базар во чест на еден од најголемите есенски верски празници, Митровден. Според зборовите на претседателката Весна Трајковска ова беше еден од најуспешните Митровденски базари, како во најубавите времиња за нашето црковно живеење. Имавме полна сала различни генерации, од деца до највозрасни.Како Женска Секција се подготувавме темелно за овој базар, со месење, разновидност на производи, но и со продажба на даровите во црквата како крпи, масло и други дарови.- Би сакала да им се заблагодарам на сите присутни и да ги поканам да ја посетуваат нашата црква редовно, да ни се приклучат кон Женската Секција и кон сите наши следни прослави.





Заедно сме посилни и и' помагаме на црквата Свети Илија да живее и да напредува.

Со почит од претседателката на Женската Секција од Св. Илија,
Весна Трајковска.

### ПОВИК ЗА ВАШИТЕ ДОБРОВОЛНИ ДОНАЦИИ ЗА ЗАВРШУВАЊЕ НА ФРЕСКОПИСОТ ВО ОЛТАРОТ НА СВЕТА ЗЛАТА МЕГЛЕНСКА

**Почитувани дами со вашите семејства,**

Женската Секција од Македонската Православна Црква Свети Илија од Мисисига Ве известува дека во тек е собирање на парични средства за завршување на фрескописот во олтарот на Света Злата Мегленска.
Сите вие кои би сакале да подарите парични средства за доукрасување на нашата црква и олтарот на нашиот втор патрон Света Злата Мегленска ќе биде од голема помош, а исто така и ќе Ви биде доставена и потврда за вашата такса. (tax receipt).
Однапред благодарни..
Со почит од женската секција со претседателката Весна Трајковска.








# Macedonian Cooking with Sue Eastwood






## GEVREK!



**Gevrek!**

**Kako sho go pamtam koga bev malo chupe.**

I have been searching for and trying so many recipes for gevrek. Nothing could satisfy the taste that I remember as a child in Toronto. Being Macedonian, we attended Sv Kliment od Ohrid church in Toronto on Sunday's. We would buy gevrek on our way out from the man that was there every week with a table before you exited.

I finally found a recipe that is truly in the style and taste of gevrek. Not bagel, but real gevrek. To have a true gevrek , you must first boil the dough in order to achieve that chewy texture. Macedonian gevrek is a lot like a true New York style bagel, except Macedonians did it first.

I made this recipe yesterday. Wow. The BEST gevrek ever!! And it was not difficult. I couldn't stop eating them.

Chewy on the outside, soft inside. Heaven while warm and exceptional after.

Here is the tried and tested by me recipe:

### Bagels

* 2 teaspoons / 6 g active dry yeast
* 4 ½ teaspoons / 19 g granulated sugar
* 1 ¼ cups / 300 ml warm water (you may need ± ¼ cup /60 ml more)
* 3 ½ cups / 440 g bread flour or high gluten flour (you may need up to 1/2 cup / 60g for kneading)
* 1 ½ teaspoons / 6 g salt
* Optional Toppings: (Refer to Notes)

### Instructions

* In ½ cup /120ml of the warm water, pour in the sugar and yeast. Do not stir. Let it sit for five minutes, and then stir the yeast and sugar mixture until it all dissolves in the water.
* Mix the flour and salt in a large bowl. Make a well in the middle and pour in the yeast and sugar mixture.
* Pour 1/3 cup / 80ml of warm water into the well. Mix and stir in the rest of the water (the scant 1/2 cup / 100ml that is remaining), as needed. Depending on where you live,





you may need to add an additional couple tablespoons to about ¼ cup/60ml of water. You want a moist and firm dough after you have mixed it.
* On a floured countertop, knead the dough for about 10 minutes until it is smooth and elastic. Try working in as much flour as possible to form a firm and stiff dough.
* Lightly brush a large bowl with oil and turn the dough to coat. Cover the bowl with a damp dish towel. Let rise in a warm place for 1 hour, until the dough has doubled in size. Punch the dough down, and let it rest for another 10 minutes. Carefully divide the dough into 8 pieces
* Shape each piece into a round. Now, take a dough ball, and press it gently against the countertop (or whatever work surface you're using) moving your hand and the ball in a circular motion pulling the dough into itself while reducing the pressure on top of the dough slightly until a perfect dough ball forms. Repeat with 7 other dough rounds.
* Coat a finger in flour, and gently press your finger into the center of each dough ball to form a ring. Stretch the ring to about ⅓ the diameter of the bagel and place on a lightly oiled cookie sheet. Repeat the same step with the remaining dough.





After shaping the bagels and placing them on the cookie sheet, cover with a damp kitchen towel and allow to rest for 10 minutes. Meanwhile, preheat your oven to 425ºF / 220ºC / Gas Mark 7.
* Bring a large pot of water to a boil. Reduce the heat. Use a slotted spoon or skimmer to lower the bagels into the water. Boil as many as you are comfortable with boiling. Once the bagels are in, it shouldn't take too long for them to float to the top (a couple seconds). Let them sit there for 1 minute, and then flip them over to boil for another minute.

If you want to add toppings to your bagels, do so as you take them out of the water. Alternatively, you can use an egg wash to get the toppings to stick before baking the bagels. ( I used an egg wash)
* Once all the bagels have boiled (and have been topped with your choice of toppings), transfer them to an oiled or parchment-lined baking sheet.
* Bake for 20 - 25 minutes, or until golden brown.


WORKPLACE SAFETY
RMG
rmgconsulting.ca
Owners Robert Gill and Sue Eastwood
RMG are official IHSA COR external auditors. Our team of safety professionals can conduct your COR External Audit. Additionally, we can manage your safety program and assist in preparing your company for internal and external audits.
COR
IHSA.ca
Work Safe for Life
STOP
We are a premier boutique provider of occupational health and safety services.
We are approved by the Ministry of Labour, Immigration, Training and Skills Development to deliver Working at Heights and Working at Heights Refresher Training as well as Joint Health and Safety Committee Certification (JHSC-Part 1/Part 2/Refresher). We provide site safety inspections, consulting, administrative and management support. We offer all kinds of OHS training at our exclusive 4500 square foot training center located in Vaughan.
RMG TRAINING CENTRE
For more information
CALL OUR TEAM
905 761 9030
www.rmgconsulting.ca | sue@rmgconsulting.ca

# Pearl White

**Dental Hygiene Clinic**

Your Dental Hygienist: Atina Gorgiev RDH

- ☆ Macedonian Senior Teeth Cleaning Special $99
- ☆ Teeth Whitening Special $129

pearlwhitedentalhygieneclinic@gmail.com

(416)-817-7650

301-4430 Bathurst St.
North York, ON. M3H 3S3






ROYAL LEPAGE

Signature Realty
IND. OWNED & OPERATED BROKERAGE

# MAYA MIKAROVSKA

**Sales Representative**

647.459.4637

Maya@YourTOrealtor.ca

**Ensuring hassle-free real estate transactions:**

- Free home staging
- Free professional photography
- Reno/home design consultation
- Outstanding service, commitment to excellence

*Let's achieve your real estate goals. Contact me today for a confidential, no obligation consultation.*




# Dr. Elizabeth Dimovski

**Family Dental Office**

## Home of the FREE Custom Mouth Guard

For all our sports-playing patients! Call for details today!

2 Philosopher's Trail, Unit #1, Brampton, Ontario, L6S 4C9

**905-458-6620**


DECEMBER 31ST, 2023
NYE
2024
ELENA JOVCESKA
WITH BALKAN ENTERTAINMENT
Doors 7:00 PM // $120 Adult Ticket (19+)
6-Course Prime Rib Dinner & Premium Open Bar
$80 Youth (13-18) - $30 Child (Under 12)
For tickets & tables call: (416) 421-7451
St. Clement of Ohrid - Macedonian Orthodox Cathedral
76 Overlea Blvd, Toronto

The staff and members at Carpenters' and Allied Workers Local 27 remembers all those who served and who are on active duty today, including our own Local 27 brothers and sisters. Today we think of all our fellow Canadians at sea and at bases and deployments around the world who protect us, who stand on guard, and make the ultimate sacrifice for our freedom.

# Lest We Forget.



222 Rowntree Dairy Road | Woodbridge, ON L4L 9T2 | T: 905-652-4140 | www.ubc27.ca

CARPENTERS & ALLIED WORKERS LOCAL 27

HELMETS TO HARDHATS

DU RÉGIMENT AUX BÂTIMENTS

www.helmetstohardhats.ca

@carpenters27

# АРХИМАНДРИТОТ НИКОДИМ ЦАРКЊАС - СИМБОЛ НА БЕЛОМОРСКА МАКЕДОНИЈА!

Пишува Славе КАТИН



Архимандритот Никодим Царкњас е етнички Македонец, православен монах. Роден е во селото С'ботско, Воденско, Егејска Македонија во 1942. година. Со својата упорна и посветена борба за признавање на правото на сопствен јазик и црква на Македонците во северна Грција, Отец Никодим Царкњас е една од водечките фигури и симбол на движењето на Македонците од Егејска Македонија за остварување на своите национални и политички права.

Архимандритот Никодим Царкњас е духовен воин и национален деец кој се бори да го зачува јазикот на својот македонски род. Поради македонската национална дејност повеќепати бил апсен. Го издавал весникот "Меглен", но по интервенција на грчките политичари, весникот бил забранет за натамошно излегување.

Отец Никодим е роден во 1942 година, во селото С'ботско, Егејскиот дел на Македонија.

Во родното место завршува основно и средно образование. По завршување на средното образование се запишува на богословското училиште во Солун, кое се трансформира во Теолошки факултет. По дипломирањето во 1973 година, бил назначен за ѓакон во манастирот "Свети Пантелејмон" во селото Пателе, Леринско, а малку потоа, на 21 октомври 1973 година отец Никодим Царкњас станал старешина на црквата "Свети Пантелејмон" во Лерин. Родното место на архимандрит Никодим Царкњас С'ботско, со варијантите Суботско, Соботско и Саботско, на грчки Аридеа и Ардеја, е град во Воденско, денес во општината Меглен, во Егејска Македонија. С'ботско е градче чиј број на населението во 2011 година бил 6.561 жители.

Уште како дете, неговите родители го воспитувале да биде добар христијанин и свесен Македонец. Тргнувајќи по стапките на своите родители, тој станува вљубеник во Бога, добар човек, но и горд Македонец. Како свештеник ќе го проповеда Словото Божјо и Исусовите страдања но, и за страдањата на Македонскиот народ. Со пастирска љубов, тој застанува на чело на својот напатен народ да се справи со проблемите со кои се соочуваат етничките Македонци во Грција.

По долги подготовки, во 1978 година Царкњас го објавува весникот "Меглена", во кој се обработуваат прашања за вработување на жителите од регионот, како и прашања поврзани со животот и историјата на Македонците. Водејќи сметка за актуелната политичка состојба, во списанието се поставуваат и текстови кои не се од интерес за Македонскиот народ, што ќе овозможи првите критики од познати личности од политичкиот живот да бидат позитивни. Меѓутоа, набргу реагираат грчките политичари, воените власти и Грчката црква. Митрополитот на Лерин и Преспа, Августин, го укорува Царкњас за употребата на името.

Во 1980 година, на свештеничкиот собор во манасторот "Света Параскева", Катраница (Eordaia), епископот Августин, искажал многу негативни критики за Македонците. На обвинувањата на леринскиот владика дека шири сепаратистички идеи, Царкњас ќе истакне дека тој е обичен Македонец кој "се бори за правата на Македонците, а не за автономија."

Сепак, искрата која беше фрлена го потпали антимакедонскиот оган, а леринскиот владика одлучува да го отстрани Царкњас од епархијата. На ваквата одлука се спротивставуваат верниците кои собрале повеќе од 500 потписи во одбрана на Царкњас, Тоа ги изненадува грчките власти, па, по обидите Царкњас да изврши панахида на местата каде што биле закопани Македонците, жртви на Граѓанската војна, како и да богослужи на македонски јазик, леринскиот владика во 1981 година донесува одлука за расчинување на отец Царкњас. Меѓутоа, уплашен од големата поддршка од светот и реакцијата на верниците, леринскиот владика одлуката за расчинувањето ја депонира, а го принудуваат Царкњас да ја напушти Леринската и Преспанската епархија.

За случувањата во Леринската епархија дознава неговиот пријател од студентски денови епископот Амвросиј. кој во недостаток на свештеници му понудува на Царкњас да работи во Кукуш. Веќе во декември истата година, Царкњас почнува да служи во епархијата на Кукуш, а во 1982 година, отец Никодим Царкњас бил примен во служба во Кукушката Митрополија. Во првите четири месеци проповеда во Кукуш, а потоа во 1983 година кукушкиот митрополит го назначил за претставник во градот Агиос Атанасиос. Месното население на Агиос Атанасиос го засакува Никодим Царкњас и топло го прифаќа "бегалецот", иако веќе бил познат како "сепаратист". Заедно работат напорно, да се изгради голема црква, но процесот за елиминација на Царкњас од страна на "Државната информативна служба" (ДПХ) веќе бил започнат. Како што распадот на Југославија беше се поизвесен, така се засилувале активностите на грчката тајна полиција.

Царкњас бил следен насекаде, а по домовите биле делени летоци со цел да го оцрнат неговото име. Согледувајќи дека со нивните методи немаат резултати и дека месното население нема да го протера "сепаратистот", ДПХ се обидува преку Црквата да го отстрани Царкњас. Иако работи напорно и претставува свештеник за пример, кој во меѓувреме дипломирал и на Теолошкиот факултет во Атина во 1987 година, митрополитот на епархијата на Кукуш под закана од власта "или Царњас или тој", му испраќа нему писмо во кое го информира дека има намера да го отстрани затоа што бил „опасен за грчкиот дел на Македонија".

Под притисок на јавноста со протести за Никодим, тој некое време останува во Кукушката епархија. Но, грчката полиција не мирува и прави секакви обиди за дискредитација на Царкњас. Во специјалната пропагандна војна против Царкњас, грчката полиција на населението му поделува незгодни експлицитни фотографии, по што Грчката православна црква го обвинува за сериозно нарушување на етиката.

Меѓутоа, населението не наседнува на играта на грчката полиција и фотографиите ги носи на Солунскиот универзитет, каде на посебна работилница се докажува дека тие се добра фотомонтажа. "И слеп човек би видел дека фотографијата е лажна" - ќе изјави на работилницата еден од присутните универзитетски професори.

По осамостојувањето на Република Македонија на 8 септември 1991 година, дополнително се загреваат тензиите во Грција и на Новата 1992 година, четириесет грчки полицајци го апсат Царкњас. Иако месното население се спротивставува и со жив штит го брани саканиот свештеник, грчките полицајци со сила влегуваат во Црквата и го апсат Царкњас. Во монтиран политички процес, Царкњас бил осуден условно на шест месеци заради промена на бравите на Црквата. Откако световните власти неможат да се справат со "опасниот сепаратист и агент на Скопје", Светиот Синод на Грчката православна црква го изнесува случајот пред црковното правосудство. На 10 март 1992 година, тие го расчинуваат Никодим Царкњас, но дури по една година консултации одлуката станува правосилна. Во меѓувреме, Царкњас веќе станал свештеник на Македонската православна цевка (МПЦ-ОА), со служба во манастирот "Свети Ѓорѓи" во с. Кучково, Скопско.

По расчинувањето од ГПЦ, грчката полиција продолжи со оцрнувањето на името на Царкњас, а тој 13 пати бил



осудуван за носење на свештеничката мантија. Сепак, и покрај сите препреки, понижувања, осуди, пресуди и лежења по затвори, поради својата богослужба на македонски јазик, Царкњас не се откажал од борбата за македонските права во Грција.

Во црквата "Света Злата Мегленска", Царкњас започнал да проповеда на македонски јазик. Со тоа ги разбудува националните чуства кај Македонците од Егејскиот дел на Македонија. Со тек на времето, бројот на верниците кој на почетокот поради страв бил мал, се зголемува и се' уште расте. Црквата станува симбол на отпорот на Македонците во Грција, кое учи да ги почитува своите корени, но истовремено станува и мета на напади на грчките национал-шовинисти.

Ваквиот став на Грција, ќе инструира деца кои вандалски ќе се однесуваат кон Црквата и неговиот дом во С'ботско, а Царкњас ќе биде осуден во 2004 година на три месеци затвор за воспоставување и работење на Црква без дозвола, Во 2009 година без докази судот го осудува Царкњас на шест месеци затвор за претепување на 12 годишно дете кое во 2002 година фрлало со јајца и камења врз неговиот дом, иако Царкњас само го



привел до полициската станица.

Всушност сите кои се осмелија јавно да проговорат за македонското прашање во Грција, меѓу кои и Царкњас, се соочија со државниот систем, кои не прифаќаат ништо што е различно од грчкиот национален мит, а кој вели дека во Грција живеат само Грци, главно православни христијани. Затоа, Царкњас станува еден од иницијаторите кои покренуваат постапка против државата Грција пред Судот во Стразбур, за на законски регистрираната Црква во која ќе се богослужи на македонски јазик, да се овозможи озаконување на сите црковни и духовни активности.

Архимандрит Никодим Царкњас, со својата смиреност и истрајност, посветена работа за признавање на правото на сопствен македонски јазик и црква на Македонците во денешна Северна Грција, станува една од водечките фигури и симбол на движењето за остварување на националните и политичките права на Македонците од Егејска Македонија. За својата заложба за проповед на македонски јазик, која претставува своевидна борба за зачувување на јазикот на својот род, културната манифестација "Македонски духовни конаци" во август 2009 година му го доделува признанието "Духовен воин".

На 18 Генерално сорбание на Светскиот Македонски Конгрес, одржано на 9 август 2008 година, на Неговото Високопреподобие отец Никодим му е доделено највисокото семакедонско признание, почесната титула "Македонски сенатор".

Веќе 15 години, расчинетиот од ГПЦ, а никогаш формално непримен во МПЦ, отец Никодим Царкњас во С'ботско, ја продолжува својата света мисија. Тој е особено присутен меѓу Македонците во Австралија и Канада кои со почит се однесуваат кон овој македонски страдалник и борец за човекови права.

При една неодамнешна посета на Торонто, Никодим Царкњас, заедно со Славе Катин беа гости на еден македонски радио час на кои зборуваа за голем број прашања од духовен и национален карактер. Притоа, дедо Царкњас, како милуваат Македонците да му се обратат, меѓу другото изјави:

"Јас сум многу благодарен, бидејќи кога почнувавме беше многу поинаку, многу потешко но, како одминува времето работите се менуваат. Полека, полека, луѓето се враќаат кон корените, кон традицијата. Почнуваат да доаѓаат во Црквата. Многу сум задоволен од македонската младина, која чита и која ја гледа вистината подобро од нивните дедовци и татковци кои се плашат од грчката пропаганда", - рече Царкњас.

Господ да го чува Никодим Царкњас да истрае во неговата света мисија!

# Неделно училиште по македонски јазик во црквата Св. Климент Охридски од Торонто

**Почитувани читатели!**

Што научивме изминатиов месец во Неделното училиште? Месецов што измина работевме многу вредно и упорно . Разговаравме и пишувавме за Нашето училиште - Нашиот втор дом.Како се вика и каде се наоѓа? Зошто се вика така? Каде се наоѓа мојата училница? Што има во неа?

### Нашето училиште

Нашето училиште се наоѓа во црквата Св.Климент Охридски во Торонто.
Се вика Неделно училиште затоа што часовите се одржуваат во недела.
Нашата училница се наоѓа на третиот кат од црквата.
Нашата учителка се вика Снежана Тешовиќ.
Во училницата има маси, столчиња, црна и бела табла.
Исто така има и голем телевизор на кој понекогаш гледаме и слушаме песнички.
На часовите ние учиме да читаме и пишуваме на Македонски јазик.
На ѕидовите има слики од Македонија.
По завршувањето на часовите ние секогаш останувааме да си поиграме.
За празниците настапуваме со песни и стихотворби.
Јас многу го сакам нашето Неделно училиште и со нетрпение чекам да дојде секоја недела за да ги видам моите другарчиња и мојата учителка.
Ана Јорданоска

Исто така разговаравме за "Мојот дом моето семејство" Кој го сочинува моето семејство? Каде живееме ние? Кои простории ги има во нашиот дом? Научивме да раскажуваме и опишуваме. Што е другарство? Разговор за другарството, пишување на реченици и опишување на свое најдобро другарче.

### Мојата најдобра другарка

Мојата најдобра другарка се вика Ведрана.
Таа има 10 години.
Ведрана има долга густа црна коса, зелени очи и неколку пеги на носот.




Најчесто се облекува во кратки маички и убави панталони.Таа многу сака да игра тенис и да црта.
Ведрана живее во стан во Охрид , заедно со своите родители.
Кога јас и Ведрана сме заедно најчесто играме одбојка, играме со топка,цртаме, правиме видеа и многу други занимливи игри.
Јас многу ја сакам мојата најдобра другарка и со нетрпение чекам да сме заедно.
Софија Целеска

Со малата група сме во тек на изучување на печатните букви. Ги изучивме буквите Ее, Нн, Мм ,Ии Учиме да читаме и пишуваме зборови со изучени букви Дополнуваме зборови во реченица Го научивме редоследот на зборовите во реченицата .

### Од убаво поубаво има

Убава е зората со боја на цреша што зрее,
Но сепак најубава не е.
Убав е дождот
На неколку инструменти што пее.
Но певец најубав не е.
Убава е песната што има и ритам и рима.
И пак од убавото поубаво има.
Убаво е виножитото, таа вратоврска сонце што ја плете. Но, поубаво, поубаво од се е, едно насмеано дете.
Милутин Бебековски

И навистина, дали има нешто поубаво од едно весело, среќно, насмеано дете. Такви беа нашите дечиња од Неделното училиште при изработка на постери а по повод Продажба на пуканки и лимонада во склоп на Фамилијарниот ден во црквата.
Бескрајна беше радоста, задоволството и среќата на детските лица.Радост што тешко може да се опише со зборови.Радост што само може да се види и почувствува во нивните нежни детски очиња. А радоста и љубовта колку повеќе ја имаме, толку повеќе ја делиме. Продолжуваме понатаму!
Пишува и уредува учителката во Неделното училиште по македонски јазик во Македонската Православна Црква во Торонто Снежана Тешовиќ.






## ENSEMBLE MAKEDONKA IS BUZZING WITH ANTICIPATION FOR THEIR UPCOMING PERFORMANCE AT THEIR PATRON SAINT'S NAME DAY, ST. CLEMENT'S DAY

Written by Vicki Veljanov

Ensemble Makedonka has had an absolutely sensational month, marked by a whirlwind of remarkable events and performances. The response to the registration call was nothing short of extraordinary, with an influx of new members showcasing the group's growing popularity and the immense talent that continues to be drawn to it.

The group's warm and tightly-knit community, forged through shared passion for their cultural heritage, has proven to be an irresistible magnet for dance enthusiasts. The ensemble's doors are now closed to new recruits, but it's evident that their future is brighter than ever.

A highlight this month was the ensemble's heartfelt performance at a former member Cveta Kostova's wedding. The performance served as a testament to the ensemble's unwavering commitment to one another and their collective mission. Looking forward, Ensemble Makedonka is buzzing with anticipation for their upcoming performance at their patron saint's name day, St. Clement's Day, an event that holds profound cultural significance for the Macedonian community. Furthermore, the ensemble is bursting with excitement to announce their year-end concert, where they will showcase all of their hard work throughout the year, including the contributions of their new members.

This much-anticipated event promises to be a magnificent crescendo, a testament to the talent, unity, and unwavering spirit of Ensemble Makedonka. Stay tuned for more details on this captivating folklore journey, as they continue to captivate audiences and inspire all who experience their performances.

Ensemble Makedonka extends our heartfelt gratitude to Zoran Karapancev for donating his time and expertise in creating a current snapshot of Ensemble Makedonka with the photos above. We are forever grateful for your dedication to our group and Macedonian community.



FINO fine foods
Proudly supporting the Macedonian Youth in Canada!
www.finofinefoods.com


The Nedan Team
RENOVATE
LIST
SOLD
ROYAL LEPAGE
Meadowtowne Realty
Brokerage
VASKO@ROYALLEPAGE.CA
** NOT INTENDED TO SOLICIT BUYERS OR SELLERS UNDER CONTRACT
Vasko Nedanovski
Broker
The Nedan Team
647.333.9628


FOR LEASE
1049 McNicoll Ave
Toronto
Vasko Nedanovski
Broker
The Nedan Team
647.333.9628


FOR SALE
209 Consulate Road
Mississauga
Vasko Nedanovski
Broker
The Nedan Team
647.333.9628


FOR SALE
397 Front Street West #1103
Toronto
Vasko Nedanovski
Broker
The Nedan Team
647.333.9628


JUST BOUGHT
211-3078 Sixth Line
Oakville
Vasko Nedanovski
Broker
The Nedan Team
647.333.9628

# WE STRIVE TO BRING THE MACEDONIAN AND CANADIAN CULTURES CLOSER TOGETHER

## Our Vision

To be recognized within the community as a home that celebrates the Macedonian culture and heritage and provides accommodations for Seniors capable of living independently.

## Our Values

We play a vital role in support of Macedonian heritage and culture. We strive to bring the Macedonian and Canadian cultures closer together. We wish to create and support community involvement. We show respect, and support the feeling of self-dignity, to all our residents. We help bring a healthy lifestyle to the individuals that reside in CMP. We support and encourage family involvement and care.
We value diversity in ethnicity.

## Our Mission

To provide quality, affordable accommodations and companionship to Seniors of all backgrounds with an
aim to encourage the vibrant Macedonian culture in the city of Toronto, Ontario and all of Canada.

## Goals

Support and celebrate the Macedonian culture
; Offer companionship to all residents; Provide quality accommodations; Provide affordable housing

## Be a Volunteer

We support High School Volunteer Credits.
Our many fundraising events welcome your volunteer time and talents!

## MACEDONIAN OPEN

The Macedonian Open is one of Canada's longest running golf tournaments and today is Canadian Macedonian Place Foundation's largest annual fund raising event.

Over the years the Macedonian Open has raised over $1,200,000 in net proceeds for the benefit of Canadian Macedonian Place and other charitable causes supported by the current registered charity, Canadian Macedonian Place Foundation.




**Experience The 80th Annual Macedonian Open Golf Tournament**
**ANGUS GLEN GOLF CLUB**
**DATE: MONDAY, JULY 8TH, 2024**







**850**
**O' Connor Drive**
**Toronto On**
**M4B 3L6**

Apartments for senior citizens 65+
Fully renovated one - bedroom suites with full kitchen
Bathroom with shower stall especially designed for seniors

Limited subsidy available, subject to eligibility Balcony or patio walk out;
Outdoor parking available
For more information please call at 416-755-9231
Zlatka Cokov or Margarita Donakovski or Snezana Jakimovska.

**Amenities**
Macedonian Place offers a lower lounge with a cozy fireplace and bar over looking the ravine. The ceiling has engraved walnut wood panels and a beautiful chandelier. There are glass display cases with traditional folk costumes and artefacts as well as trophies from the Macedonian Golf Tournament which first took place in 1942. The Front Lounge with a cozy fireplace and three wall murals depicting the life in the "old country", provides a warm and inviting place to enjoy the day.
-On the Main Floor next to the Lounge is the Entertainment Lounge/TV Room where residents watch their favourite shows or sports games. Outside, the walkways and gardens offer a lovely setting, set in an active area of East York, is within walking distance of many facilities. The TTC stops at our door.

**Nearby: Restaurants; Drug Stores;Banks;Beauty Salons;Bowling Alley;Transit Stops**

**Канадско-македонскиот дом располага со апартмани за лица над 65 години;**
**Целосно реновирани апартмани со спална, дневна, кујна, балкон и бања со туш;**
**Располагаме и со паркинг места за станарите;**
**Можете да аплицирате за намалена кирија која е ограничена и предмет на квалификација.**

**За повеќе информации јавете се кај:**
**Златка Чоков, Маргарита Донаковски или Снежана Јакимовска**

**на тел. број: 416-755-9231**

**ZCokov@CanadianMacedonianPlace.com**
**MDonakovski@CanadianMacedonianPlace.com**
**sjakimovska@canadianmacedonianplace.com**

# LERINSKO ORO 2023 WAS A REAL SUCCESS






On November 4, 2023, in the large banquet hall of the Macedonian Orthodox Church of Saint Clement of Ohrid in Toronto, one of the oldest and best organized Macedonian societies in Canada, the Lerin Society, held its traditional Lerinsko Oro. According to the words of the president Greg Tsanev, about 300 people were present at the dance, many of whom are young people, the future of this Organization, who cherish the rich Macedonian tradition, respect our dances, songs, the Macedonian melos from Lerin region. Greg Tsanev had only words of praise for the orchestra, "The Boys from Bouf", they were up to the task and created a great atmosphere that we all enjoyed and will remember for a long time - says Tsanev. The committee and the president of the Lerin Society express their gratitude to everyone who brought sweets and pastries, as well as to the Church of St. Clement of Ohrid. At this Lerinsko Oro,were present guests from the cities of Hamilton, Mississauga, Scarborough, Markham and other places, but unfortunately, says Tsanev, dances and banquets were held in several places in our community that night and some people were not able to attand Lerinsko Oro. He calls on the organizers and the church administrations and the societies to an agreement with which two events will not coincide on the same day. In addition to Greg Tsanev, other members of the administration also contributed to the success of the banquet: Peter Medichkov Mary Outos, Jeannie Mitsios, Niki Terzis, Irena Shopov, Lazo and Kristina Ognenov, Jimmy and Teresa Mangos, Mary Mitsopoulos.




## МОДНАТА РЕВИЈА ВО СВЕТИ КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ, ТОРОНТО ЈА СЛЕДЕА НАД 300 МАКЕДОНКИ

На 15-ти октомври годинава во организација на женската секција од Св. Климент Охридски од Торонто беше одржана традиционалната ,,Модна Ревија,, која предизвика голем интерес кај Македонките од нашите македонски заедници во Канада. Над 300 Македонки ги следеа новите модели од бутикот на Марика Ваг. Како манекенки се појавија познати дами кои професионално ги претставија новите креации за оваа сезона. Ова е уште еден успех на претседателката на женската секција од Свети Климент Охридски, Ирена Караулис Шопов и нејзината управа.










# СЕ ОДРЖА ТРАДИЦИОНАЛНАТА МАРИОВСКА ВЕЧЕР ВО ЧЕСТ НА ПЕТКОВДЕН





Во чест на празникот Петковден Мариовското друштво ,,Калеш Анќа,, од Торонто го одржа својот свечен банкет кој што беше посетен од Мариовци кои што живеат во Канада од повеќе села на славното Мариово.

За ваше потсетување почитувани читатели во Битолско Мариово се наоѓаат следните села: Старавина, Маково, Рапеш, Зовиќ, Градешница, Будимирци, Груништа, Орле, Брник, Ивени и Петалино.

Прилепско Мариово: Витолиште, Бешиште, Вепрчани, Врпско, Дуње, Живово (на народен говор: Жиово), Кален, Кокре, Крушевица, Манастир, Полчиште, Пештани, Чаниште и Гуѓаково (на народен говор Гудјаково).

Тиквешко Мариово: Рожден, Клиново, Р'жаново, Мајден и Галиште.

Во турските пописни дефтери од XV и XIV век (1476/77 до 1544/45 година) во Мариово биле забележани и следниве села кои денес не постојат, но постојат месности со нивните имиња или слични имиња на тогашните села: Костеново, Чумагово (денес постои месност Смагово), Видришани (Видишани), Црничани, Сатока (од ова село бил водачот на првата Мариовска буна), Бистренци, Берани, Суденец, Осинец, Кириликово, Света Петка, Лесково.

Според одликите на местоположбата селата во Мариово се делат на долински - најголем дел во прилепско Мариово, ридски – најголем дел во битолско Мариово и ридско-планински – сите во тиквешкиот дел на Мариово. Според висинските зони до 750 м.н.в. има 11 села, од 751-900 метри има исто така 11 села и над 900 метри има 6 села.

Претседател на Мариовското друштво во Канада е Митре Чачевски со потекло од Градешница кој со својата управа подготви незаборавна вечер.

Се сервираше квалитетна вечера со шефот Кире Босеовски, услугата беше на високо ниво, а за музиката на Соња и Оливер Бенд се играше и пееше до доцна во ноќта.

Годинашна кума на настанот беше Дафина Христов од Витолиште, а догодина кумството го презеде Марија Видиновски со нејзината фамилија.

Со желба да се зачуваат македонските цркви и манастири во Мариово госпоѓа Дафина Христов отвори иницијатива за собирање средства за обновување на локалната црква Св. Атанасиј во селото Витолиште, акција која е во тек, а резултатите ќе се видат наскоро.

Исто така во селото Градешница во тек е изградбата на манастарски конаци кои ќе го оживеат овој убав крај и ќе им овозможат на Македонците со потекло од Мариово да навраќаат и пренојќеваат, одново да ги греат огништата во Градешница и другите села во Славно Мариово.











## Brajcino Dinner Banquet

**Saturday November 25th 6:30pm**
**St Clements of Ohrid - Hall B**

Adults $50 per person,
kids under 12 free

**Music by Sonja&Oliver Band with Stiv**

For more information call:
Robert Sainovski
at: **905 995 3571**

or Risto Popovski at:
**416 261 2523**




Почитувани Брајчинци, драги Македонци, празникот Света Петка е многу значаен за нас сите со потекло од убавото преспанско село Брајчино. На 8-ми август секоја година, па и оваа над 1000 гости присуствуваа на славата кај манастирот каде што се сервираше бесплатна храна, а другиот ден од 8 часот навечер до 3 часот по полноќ со звуците на оркестарот ,,Фонтана,, и неколку интерпретаторки на сред село уживавме во прославата на празникот Света Петка.Имаше гости од Македонија и од целиот свет за што ние Брајчинци сме пресреќни и бескрајно благодарни.
И во Канада ве покануваме на 25-ти ноември на свечен банкет кој ќе се одржи во црквата свети Климент Охридски-мала сала.
Ќе биде весело со музиката на Соња и Оливер Бенд.
Поздрав до сите !

Ристо Поповски





# Крстозбор

АВТОР: НИКОЛА ПЕТКОВСКИ



ПРЕТСЕД. НА ДРУШТ-ВО "МАЛА ПРЕСПА" ВО КАНАДА
СРПСКА ПЕЈАЧКА АНА
К
БОЈА / МАЛО НА-СЕЛЕНО МЕСТО
С
ЕДНА МА-КЕДОНСКА ТВ КУЌА / ЛИ РЕМИК
АМЕРИКАН-СКА ТЕ-НИСЕРКА БИЛИ ЏЕЈН
ЦЕНТАР НА ВРТЕЊЕ (МН.)
Л
АМЕРИ-КАНСКА ПЕЈАЧКА / ЖЕНСКО ИМЕ
ОРГАН ЗА ВИД
ВАСИЛ АТАНАСОВ
СУЛФУР
МАКЕДОН-СКИ ПОЕТ АЦО
УЧЕН, ОБ-РАЗОВАН ЧОВЕК
УМЕТНИЧ-КА ЛИТЕ-РАТУРА
Б
АРТИСТОТ ПАЧИНО / РЕКА ВО СИБИР
ПИСА-ТЕЛОТ ЧАШУЛЕ
КАМЕРУН. ФУДБАЛ. ГОЛМАН ТОМАС / ОБЕМ
ОСТРОВИ КАЈ НОВА ГВИНЕЈА / ГЛ. ГРАД НА ЈОРДАН
А
НАЈВОЗ-РАСЕН КЛИСАР ВО КАНАДА
Т
МАКЕ-ДОНСКО ДРУШТВО ВО КАНАДА
ЕДНА МЕ-ДИЦИНСКА НАУКА / БИВШ, ПО-РАНЕШЕН
СТАРОТО ИМЕ ЗА ВИЕТНАМ / ИЛИЈА МИЛЧИН
ГРБ, КИЧМА / ХЕРОИ-НАТА ГИНОВА



АКЦЕЛЕ-РАЦИЈА
МУСЛИМ. СВЕШТЕ-НИК (МН.) / ХОЛАНД. ФУД. КЛУБ
М
ЕЛЕК ИЗ-ВЕЗЕН СО СРЕБРО И СВИЛА
ФАБРИКА ЗА АВТО-БУСИ ВО СКОПЈЕ
ВУЛКАН-СКИ ОТВОР
ЕЖЕН ЈОНЕСКО
ПЕЈАЧ-КАТА СПИРОВА / БЛОКЧЕ, БЕЛЕЖНИК
КАРЕЛ ЧИРАК / МОКРО ЗЕМЈИШ-ТЕ, БАРА
КАЛИУМ / СЛЕДБЕ-НИК НА УТО-ПИЗМОТ
ГРАД ВО ФРАНЦИЈА (ФИЛМСКИ ФЕСТИВАЛ)
АМЕР. РО-МАНСИЕР ХЕНРИ / ЕКИПА
М
ПОДЛЕЦ / КОРЕЈСКА МАРКА АВ-ТОМОБИЛИ
ВОЛУМЕН / АРТИСТ ОД БиХ ЗУП-ЧЕВИК
ОСНОВАЧ НА ЦРКВА СВ. АРХАН-ГЕЛ ВО ФЕНИКС
ЖЕНСКО ИМЕ
ЧИТАЈТЕ ГО ВАШИОТ ВЕСНИК
ДРЖАВА ВО СЕВЕРНА АМЕРИКА
ПРОСТ БРОЈ / ЖЕНСКО ИМЕ
Т
ДВОДЕЛНА ОБЛЕКА / МЕТО ЈО-ВАНОВСКИ
НАЈМАСО-ВЕН ЕГЕЈ-СКИ НАС-ТАН ВО КАНАДА
Џ
ДИВО ЖИВОТНО, РАКУН
ДЕЛ ОД ШМИНКА / ВОЗВРАТ
ПИСА-ТЕЛКАТА БРОНТЕ / АМПЕР
К
ПРВАК, ШАМПИОН
БРАТОТ НА РОМУЛ / КОВЧЕГ
ЗАЕДНИЧ-КА РАБОТА ВО ИСТА ЦЕЛ / РЕОМИР
ТВ ВОДИ-ТЕЛКА СПИ-РОВСКА / ДИВО ЖИВОТНО



АРТИСТОТ МАЛДЕН / ПЕЈАЧОТ ИГЛЕСИЈАС
ВОЗДУШЕН ФЛУИД, ПЛИН
СОЛЕНО ЕЗЕРО ВО ТУРЦИЈА / РАДИУМ
Х
ВОВЕД ВО МУЗИЧКО ДЕЛО
ОБЛАСТ ВО АНГЛИЈА
ЕЛИЗАБЕТ ТЕЈЛОР / АРТИСТОТ СТИВ МЕК
СЛИКАР-КАТА ТЕМКОВА / ШИВАЧКИ ПРИБОР
ИСПОС-НИК
Ш
К
ПОСЛЕДНА-ТА БУКВА / РЕВОЛУ-ЦИОНЕРОТ ДЕЛЧЕВ
АВСТРИЈА / БАЗА, ТЕМЕЛ
МУСЛИ-МАНСКО ЖЕНСКО ИМЕ / РАДИУС
КОЛЕ НЕДЕЛ-КОВСКИ / НЕОБРА-ЗОВАНО
ДЕЛ ОД ЗБОР
ОСМИУМ / ВЕРА АЦЕВА
ВИД ЦВЕЌЕ, ПЕРУНИКА
ИЗВИК ЗА ТЕРАЊЕ ЖИВИНА
И
СПИС, ДО-КУМЕНТ
С
ФИЗИЧКА КУЛТУРА
"НАРОДНО ОСЛОБОД. ОДБОР" / ЛАЗО КА-РОВСКИ
МАКЕДОН. ЗАБАРСКА ОРГАНИ-ЗАЦИЈА ВО КАНАДА
ВИД ДО-БИТОЧНА БОЛЕСТ / ИСТОК
МАКЕ-ДОНСКИ ПИСАТЕЛ ЈОРДАН / НОВ (ЛАТ.)
Л
НАТПРЕВАР НА КАН-ДИДАТИ / ЗДОБИВА-ЊЕ ЗНАЕЊА
СОРТА БЛАГО-РОДНИ КОЊИ
БОКСЕРОТ РУДЕВСКИ / ГРАД ВО ГЕР-МАНИЈА
ЗОШТО? / РЕЧЕН РИБАР
ИДНИОТ ДЕН / ДАНОК ВО КРВ
ВИД ФРИЗУРА, ПУНЦА / ТЕМПО
КЕЛВИН
ИТАЛИЈА / ИЗРАСТОК НА ГЛАВА
АТАНАС ВАНГЕЛОВ / ГРАД ВО ФРАНЦИЈА
ВРШНИК / АМЕР. АВИ-ОНСКА КОМ-ПАНИЈА
ИТАЛИ-ЈАНСКИ ФИЛМСКИ КОМИЧАР "НЕВАДА"
ИМАГИ-НАРЕН БРОЈ
ЕРБИУМ / РЕКА ВО ФРАНЦИЈА
ПРИБОР ЗА РАБОТА / АНУК ЕМЕ
ЉУТ КОРЕН / РИСТО НИЧЕВСКИ
СВЕШТЕ-НИК ОД СВ. НАУМ ОХРИДСКИ ХАМИЛТОН
ГРАД ВО СРБИЈА / ТЕМПЕ-РАТУРА
А



РЕШЕНИЕ: БОСИЛКО АГОВСКИ, БЕЛЕТРИСТИКА, АЛ, КОЛЕ, Н КОНО, АРУ, УРОЛОГИЈА, АНАМ, РБЕР, А, ИМАМИ, МИРКА, ЏАМАДАН, ФАС, ЕЈ, НИНА, КЈ, К, КАН, РОТ, МОЧУР, СКОТ, В, ГИТА, КОСТИМ, ЕНОТ, КАРМИН, ЕМИЛИ, КООПЕРАЦИЈА, АС, РЕМ, Р, ИРЕНА, КАРП, ГАС, ВАН, ХУЛИО, ИНТРАДА, ФЕНЗ, ЕТ, АНА, ШЕМСА, КВИН, Ш, А, Р, КН, СЛОТ, СС, НОО, КОЖОВСКИ, ШАЛ, ЛЕВОЛ, ЛИПИЏАНЕРИ, КОНКУРС, АЏЕ, ОТИ, УТРЕ, КОК, К, И, АВ, САЧ, ТОТО, И, ЕР, АЛАТ, РЕН, ЛОАРА, ВРАЊЕ, АНГЕЛ СТАНЧЕВ

# LOFRANCO CORRIERO
PERSONAL INJURY LAWYERS



## SADO MEMETI
*CLIENT SERVICES*

***Dir: 416-618-5526***
***Fax: 416-223-3404***

*425 Britannia Rd East, Unit 122*
*Mississauga, Ontario L4Z 3E7*
*sado@lofrancolawyers.com*

*5255 Yonge Street, suite 200*
*North York, Ontario M2N 6P4*
*www.lofrancolawyers.com*



**Call Sado if you have a serious personal injuries or injuries from car accidents.**
Адвокатската канцеларија ќе ви помогне при сериозни лични повреди и повреди здобиени во сообраќајни незгоди.
LANGUAGES SPOKEN :
English, Macedonian, Serbian, Croatian, Bosnian, Albanian
**Садо течно зборува македонски**, српски, хрватски, босански и албански јазик.

AUTO SALES
ALEXANDER THE GREAT INC.
THE WHEELS TO CONQUER YOUR JOB

# ALEXANDER THE GREAT AUTO INC

Buying a car? Remember, it is more than just spending money. We, at Alexander The Great Inc. Auto Sales understand that quite well. Be it the look you desire or be it the efficiency you need! We provide you with the best of advice, the best of services and best of options in our inventory for quality pre-owned vehicles.

At Alexander The Great Inc. Auto Sales we deal in all Ranges of cars. Our professional and amicable staff is here to help you find the best suited car for you and your family. Instant Financing Approval, Buying or trading, Alexander The Great Inc. Auto Sales is the destination for your next car because we know exactly what you wish for!

## Contact Us

***Address***
***2695 Durante Way,***
***Milton, ON, L9T 5J1***

***Sales: 833-216-1270***

*Hours of Operation*

| | |
|---|---|
| *Monday* | *9:00 AM to 6:00 PM* |
| *Tuesday* | *9:00 AM to 6:00 PM* |
| *Wednesday* | *9:00 AM to 6:00 PM* |
| *Thursday* | *9:00 AM to 6:00 PM* |
| *Friday* | *9:00 AM to 5:00 PM* |
| *Saturday* | *9:00 AM to 5:00 PM* |
| *Sunday* | *Closed* |






**Подготвил Отец Сашо Целески, парохиски свештеник во МПЦ Св.Климент Охридски, Торонто**
**Macedonian Orthodox Calendar 2023 (by father Sasho Celeski)**

| 2023 | | | НОЕМВРИ 30 дена |
|---|---|---|---|
| Д | нов | стар | СТУДЕН |
| С | 1 | 19 | † **Преп. Прохор Пчињски**; |
| Ч | 2 | 20 | Св. вмч. Артемиј; преп. Герасим Кефалониски |
| П | 3 | 21 | † **Преп. Иларион Мегленски**; преп. Иларион Велики |
| С | 4 | 22 | Св. Аверкиј Ераполски; преп. Лот Египетски - ***Задушница*** |
| | | | Недела 22. по Педесетница, Гл. 5; Ев. В. 11; на Литургија Апостол Гал (6, 11-18); Ев. Лк 83 (7, 11-16) |
| Н | 5 | 23 | Св. ап. Јаков брат Господов; |
| П | 6 | 24 | Св. мч. Арета; св. Елезвој Етиоп.; св. Синкл. |
| В | 7 | 25 | Св. мч-ци Маркијан и Мартириј; св. Тавита |
| С | 8 | 26 | Св. вмч. Димитриј Солунски – Митровден |
| Ч | 9 | 27 | † **Св. мч. Нестор**; св. Прокла Клаудија |
| П | 10 | 28 | Св. мч-чка Параскева Икониска; св. Димитриј Ростовски |
| С | 11 | 29 | Преп. мч-чка Анастасија Римјанка |
| | | | Недела 23. по Педесетница, Гл. 6; Ев. В. 1; на Литургија Апостол Ефес (2, 4-10); Ев. Лк 38 (7, 11-16) |
| Н | 12 | 30 | Св. ап. Клеопа и др.; св. мч-ци Зиновиј и Зиновија |
| П | 13 | 31 | Св. ап. Стахиј, Амплиј, Урван, Наркис, Апелиј и Аристовул |
| В | 14 | 1 | † **Св. беср. Козма и Дамјан**; преп. Јаков Костур. |
| С | 15 | 2 | Св. мч-ци Акиндин, Пигасиј, Автониј и др. |
| Ч | 16 | 3 | † **Обнов. на храмот на св. вмч. Георгиј во Лида – Ѓурѓиц** |
| П | 17 | 4 | Преп. Јоаникиј Велики; св. свешт-мч-ци Никандар и Ермеј |
| С | 18 | 5 | Св. мч-ци Галактион и Епистима |
| | | | Недела 24. по Педесетница, Гл. 7; Ев. В. 2; на Литургија Апостол Ефес (2, 14-22); Ев. Лк 39 (7, 11-16) |
| Н | 19 | 6 | Св. Павле Цариградски; преп. Варлаам Чудотворец |
| П | 20 | 7 | Св. 33 Мелитински мч-ци; св. мч-чка Тесалоникија |
| В | 21 | 8 | Собор на св. архангел Михаил; **св. Ангел Лерински** |
| С | 22 | 9 | † **Преп. Матрона**; св. Нектариј Егински; преп. Јован |
| Ч | 23 | 10 | Св. ап-ли Олимп, Ераст, Кварт, Родион, Сосипатар и Терциј |
| П | 24 | 11 | † **Св. мч-ци Мина, Виктор и Викентиј**; преп. Теодор Студит |
| С | 25 | 12 | Св. Јован Милостив; преп. Нил Синајски; св. пр. Ахиј |
| | | | Недела 25. по Педесетница, Гл. 8; Ев. Лк 1, 39-49,56; на Литургија Апостол Ефес (4, 1-6); Ев. Лк 53 (7, 11-16) |
| Н | 26 | 13 | † **Св. Јован Златоуст**; преп. мч. Дамаскин |
| П | 27 | 14 | Св.ап.Филип; св.Григориј Пал.; св. Јустинијан *(Бож. покл.)* |
| В | 28 | 15 | Св. мч-ци Гуриј и др.; преп. Паисиј Велич. *(Божикен пост)* |
| С | 29 | 16 | † **Св. ап. и ев. Матеј**; преп. Сергиј Малопинешки |
| Ч | 30 | 17 | Св. Григориј Неокесариски; преп. Никон Радонешки |

| 2023 | | | NOVEMBER 30 Days |
|---|---|---|---|
| D | new | old | ORTHODOX CALENDAR |
| W | 1 | 19 | † **Ven. Prochor of Pchinja; St John of Rila;** |
| T | 2 | 20 | St. Artemius, great martyr |
| F | 3 | 21 | † Ven. Hilarion of Meglen; Hilarion the G. |
| S | 4 | 22 | St. Abercius, equal to the Apostles – ***Memorial Saturday*** |
| | | | 22th Sunday after Pentecost, Tone 5; Res. Gospel 11; on Divine Liturgy: Gal. (6, 11-18); Lk. 83 (7, 11-16) |
| S | 5 | 23 | St. James, Brother of the Lord |
| M | 6 | 24 | St. Arethas and his companions |
| T | 7 | 25 | Sts. Marcian and Martyrius, martyrs |
| W | 8 | 26 | St. Demetrius of Solun, the Great Martyr |
| T | 9 | 27 | † **St. Nestor, martyr** |
| F | 10 | 28 | St. Paraskeva, martyr; St. Tarentius |
| S | 11 | 29 | Venerable Anastassia of Rome |
| | | | 23th Sunday after Pentecost, Tone 6; Res. Gospel 1; on Divine Liturgy: Ephes. (2, 4-10); Lk. 38 (7, 11-16) |
| S | 12 | 30 | Sts. Zenobious and Zenobia, martyrs |
| M | 13 | 31 | St. Stachyus, Ampius and others Apostles |
| T | 14 | 1 | † **Sts. Cosmas and Damian unmer. Physicians** |
| W | 15 | 2 | St. Acindynus and others, martyrs |
| T | 16 | 3 | † **Renovation of St. George's Church** |
| F | 17 | 4 | Venerable Joannicus the Great |
| S | 18 | 5 | St. Galaction and Epistime |
| | | | 24th Sunday after Pentecost, Tone 7; Res. Gospel 2; on Divine Liturgy: Ephes. (2, 14-22); Lk. 39 (7, 11-16) |
| S | 19 | 6 | St. Paul the Confessor |
| M | 20 | 7 | St. Hieron and 33 Soldiers from Melitene, martyrs |
| T | 21 | 8 | Synaxis of St. Archangel Michael, **St. Angel of Lerin** |
| W | 22 | 9 | † **St. Matrona**; st. Nectarius of Egina |
| T | 23 | 10 | St. Erastus and others, apostles |
| F | 24 | 11 | † **St. Minas The Great martyr; St. Theodor the Studite** |
| S | 25 | 12 | St. John the Merciful; St. Neil the Merciful |
| | | | 25th Sunday after Pentecost, Tone 8; Gospel Lk. 1, 39-49,56; on Divine Liturgy: Ephes. (4, 1-6); Lk. 53 (7, 11-16) |
| S | 26 | 13 | † St. John Chrysostom |
| M | 27 | 14 | St. Phillip the Ap., St.Gregory Palam. (Christmas fast eve) |
| T | 28 | 15 | Sts. Gurios, Samonas, Abibas, martyrs (Christmas Fast) |
| W | 29 | 16 | † St. Mathew, Apostle and Evangelist |
| T | 30 | 17 | St. Gregory the Wonderworker |
















# СЕ ОДРЖА ТРАДИЦИОНАЛНАТА ,,ПРИЛЕПСКА ВЕЧЕР,, 2023-ТА



На 14-ти октомври 2023 година во прекрасната сала на македонската православна црква Св. Недела во Ејџекс ,,Прилепското Друштво,, ја одржа својата традиционална ,,Прилепска Средба,,. Според зборовите на организаторот на ,,Прилепската Вечер" Ице Јанкуловски, на средбата присуствувале бројни Прилепчани и пријатели на градот под Марковите Кули. Во пријатен амбиент со квалитетна музика во живо која ја испонуваа Балкан Ентертејнмент гостите уживаа до доцна во ноќта. Менито на секоја маса беше боженствено, вели Ице Јанкуловски, превкусната вечера и другите специјалитети се заслуга на шефицата на кујната Марија Ангелевска и нејзиниот тим на соработници на кои бескрајно им благодариме.

На Прилепската вечер се продаваше и богата лотарија, па многумина од гостите дома се вратија и со некоја од вредните награди. И годинава главна маскота на банкетот беше ,,прилепскиот мајмун,, кој нештедливо им делеше банани на гостите.Организацијата на ,,Прилепското Друштво" им благодари на сите присутни и верува дека од година во година ќе се зголемува бројот на Прилепчаните и пријателите на Прилеп кои ќе ја прават оваа манифестација уште повеличенсветна.

Сегашната територија на општината е составена од поранешните (до 2004 година) општини Прилеп, Тополчани и Витолиште. Општината опфаќа дел од Прилепското Поле (Пелагонија) и прилепскиот дел на Мариово.

Општината се граничи со Општина Чашка и Долнени на север, Кавадарци на исток, Кривогаштани, Могила и Новаци на запад и Грција на југ.

Општина Прилеп зафаќа поршина од 1 194,44 км2 и има 69,27 жители на км2 густина на населеност.

Населени места

Во составот на општината влегуваат и 58 села: Алинци, Беловодица, Беровци, Бешиште, Бонче, Вепрчани, Веселчани, Витолиште, Волково, Врпско, Галичани, Голем Радобил, Големо Коњари, Гуѓаково, Дабница, Дрен, Дуње, Ерековци, Живово, Загорани, Кадино Село, Кален, Канатларци, Клепач, Кокре, Крушевица, Крстец, Леништа, Лопатица, Мажучиште, Мал Радобил, Мало Коњари, Мало Рувци, Манастир, Марул, Никодин, Ново Лагово, Ореовец, Пештани, Плетвар, Подмол, Полчиште, Прилепец, Присад, Ракле, Селце, Смолани, Старо Лагово, Топлица, Тројаци, Тополчани, Тројкрсти, Царевиќ, Чаниште, Чепигово, Чумово, Шелеверци и Штавица.







# СЕ ОДРЖА МАНИФЕСТАЦИЈАТА „23-ТИ ПЕЛАГОНИСКИ КУЛТУРНО - НАУЧНИ СРЕДБИ“ ВО ОПШТИНА НОВАЦИ

На 14. Ноември 2023 година во Општината Новаци се одржаа „23. Пелагониски културно-научни средби“, на кои беа доделени наградите “Повелба за животно дело“ на проф. д-р Осман Кадриу, наградата “Златен клас за македонски вознес“ на Снежана Алексиќ – Станојловиќ од Нови Сад , Република Србија, а признанието „Панде Манојлов“, кое годинава прврпат беше воведено му се додели на Филип Димкоски од Прилеп. Исто така беше промовиран и Зборникот бр. 18 од Средбите во 2022 година.







Овогодишната манифестија „Пелагониски културно-научни средби“, кои се формирани во 2000 година во Општина Новаци, се одржа по 23. пат пред голем број присутни во прекрасната сала на Општина Новаци. Меѓу нив имаше голем број носители на различни активности, познати писатели и културно - научни активисти, кои со својот личен труд дале и даваат особен придонес за опстој на истите. Овие средби се од големо значење за Општината Новаци, за Битолскиот крај и во целост за зачувување на културно-научното наследство во Македонија. „Пелагониските културно-научни средби“ се одржуваат секоја година, вообичаено во првата половина на месец октомври

Инаку, иницијативата за формирање на манифестацијата „Пелагонски културно-научни средби“ при Општина Новаци, Битолско, потекна од група ентузијасти: писатели, научни работници и културни творци, кои имаат желба да придонесат во афирмацијата на литературните, културните, образовните, историските, фолклорните, археолошките, етнолошките и сите други можни вредности, создавани на почвата на оваа општина или создадени и се создаваат од личности кои потекнуваат од неа.

Оваа иницијатива е озваничена на 20 септември 2000 година во Матичната и универзитетска библиотека „Свети Климент Охридски“ во Битола, кога официјално се конституира нејзиниот Иницијативен одбор и кога е избрано раководното тело на Средбите, Извршниот одбор ја организираше „Првата пелагонска културно-научна средба“, која се одржа на 5 и 6 мај 2001 година во мнастирот „Свети Ѓорѓија“ над живописното село Паралово, Општина Новаци ја продолжува традицијата долга 23 година како домаќин на „Пелагониските културно-научни средби“. Како резултат на оваа научна манифестација низ годините произлегоа многу трудови од различни области и научни зборници

Градоначалникот на Општина Новаци, Стевче Стевановски како домаќин и годинава свечено го отвори овој настан и на присутните им порача дека Општината секогаш ги поддржувала и ќе продолжи да ги поддржува „Пелагониски културно-научни средби“, и во иднина.

Дел од присутните на овогодишната Средба

„Бидејќи, овие средби имаат традиција во Општина Новаци веќе 23 година и оваа традиција ќе ја продолжиме и понатаму. Особено се значајни од 3 аспекти и тоа: истражувањата во областа на културата, историјата и книжевното творештво, презентација на научни трудови и афирмација и поддржување на жените автори и младите дејци“, рече градоначалникот на Општина Новаци, Стевче Стевановски.

Инаку, манифестацијата „Пелагониските културно-научни средби“ ја раководи Совет од повеќе легално избрани личности. Членови на Советот се познати писатели, поети, универзитетски професори и бројни научни творци. Советот на своја седница го анализира творештвото на секој автор и донесува Одлука.

Овогодишните средби започнаа со комеморативни моменти за неодамна починатиот проф. Ѓорѓи Лазаревски, кој беше успешен претседател на Средбите долги години.. Текстот за проф. Лазаревски го подготви и го читаше Ристе Котевски, член на Советот на Средбите.

Манифестацијата „23. Пелагониските културно-научни средби“ традиционално ја отвори градоначалникот на општина Новаци, г-н Стевче Стевановски, а пригодна реч кон 23 средби имаше претседателот на средбите д-р Весна Калпаковска, која ги поздрави и им се заблагодари на присутните и на сите учесници кои учествуваат со свои трудови на Средбите.

Инаку, во свечениот дел од Средбите се доделија 3 признанија „Повелба за животно дело“ што му беше врачена на проф. д-р Осман Кадриу, актуелен судија во Уставен суд на Република Македонија, кој во својата кариера бил професор во неколку правни факултети во државата по предмети од правото. Тој објавил 9 книги, повеќе од 100 научни и стручни текстови, а е и повеќегодишен учесник на „Пелагониските културно-научни средби“ .

Признанието „Златен клас за македонски вознес“ оваа година и' беше доделено на поетесата Снежана Алексиќ - Станојловиќ од Нови Сад, Република Србија, која пишува поезија на македонски и на српски јазик и има голем број препреви од македонска поезија на српски јазик.

Признанието „Панде Манојлов“ , пак, кое годинава прврпат беше воведено му се додели на младиот поет и публицист од Прилеп, Филип Димкоски.

Исто така, во свечениот дел од Средбите се промовираше Зборник бр. 18 од минатогодишните средби, чие печатењето го поддржа Општина Новаци. Промотор на Заборникот беше Заменик претседателот на „Пелагониските културно-научни средби“ младата истакната поетеса Биљана Димко.

Во работниот дел од Средбите присутните учесници накратко ги образложија своите печатени трудови секој во својата област. И оваа година, како во минатите години, имаше учесници од разни области: психологија, литература, ветерина, историја, географија, опшествени науки. Присутните писатели и поети исто така ги претставија своите трудови подготвени за овогодишните „Пелагониските културно-научни средби“ , кои со своите прилози ја збогатуваат и осветлуваат содржината на Битолскиот крај како културно-историска ризница..

Со тоа мманифестацијата „Пелагониските културно-научни средби“ успешно ја продолжува својата работа благодарение на големиот ентузијазам на голем број творци и поддржувачи што се добива од Општина Новаци. Во овие 23 година опстојување на „Пелагониските културно-научни средби“, меѓу другите, треба да се нагласи безпрекорнара посветеност на претседателите: д-р Цане Здравковски, Благоја Таневски, Ѓорѓи Лазаревски и актуелниот претседател д-р Весна Калпаковска.

Пишува: СЛАВЕ КАТИН

# КРСТЕ МИСИРКОВ – ОСОВОПОЛОЖНИК НА МАКЕДОНСКИОТ ЛИТЕРАТУРЕН ЈАЗИК
## ( 18 ноември, 1874 - 26 јули, 1926 )
### Значајни годишнини: 147 години од раѓањето на Крсте Мисирков и 120-ти јубилеј од објавувањето на книгата „За македонцките работи“ (25 декември, 1905)



**Пишува и уредува Благица Дафовска**

По повод 147- годишнината од раѓањето на македонскиот публицист и лингвист Крсте Петков Мисирков, како и 120-от јубилеј од објавувањето на книгата „ЗА МАКЕДОНЦКИТЕ РАБОТИ“ кој се одржа во јуни, годинава при Институтот за македонски јазик „Крсте Мисирков“ во рамките на 8-та меѓународна научна конференција во Скопје, во литературниот прилог ќе биде застапен неговиот лик и дело, и крунисан со песни од наши поети. Така ќе го прославиме макотрпниот живот и творечки пат на бранителот и втемелувачот на македонската нација и јазик кој со јако избрани зборови и мисли „ја креваше куќата на јазикот“ изразено во песната „Незатворениот круг на Мисирков“ од поетот Радован П. Цветковски:

**„Збор по збор**
**како камен префрлен со камен**
**ја креваше куќата на јазикот.**
**И зборовите како кај стари мајстори**
**чекани , сликари и ѕидари**
**ти ја преполнуваа душата**
**со глас на стара песна**
**на зборот народен.“**

КРСТЕ ПЕТКОВ МИСИРКОВ е роден на 18 ноември, 1874 г. во село Постол, Еницевардарско. Тој се роди во едно време со тешки општествени околности. Овој славен филолог, научник, кодификатор на македонскиот литературен јазик на историската сцена го претстави македонскиот јазик на пошироко ниво. Тој е прочуен со неговото дело „ЗА МАКЕДОНСКИТЕ РАБОТИ“ кое претставува реален доказ за македонската нација и е опеано во песната „Мисирков“ од поетот Саво Костадиновски кој живее во Германија и ни' се придружува кон одбележувањето на овој значаен јубилеј:

**„Ти, и околу срцето имаше**
**многу расеани зборови**
**кои ги собра на куп**
**и покрај растргнатите времиња**
**успеа во тишината на годините**
**да го пронајдеш нивниот глас“**

И токму „во тишината на годините“ го пронајдовме гласот со зборот наш македонски; мислиме, твориме и славиме за него: основоположниокот на современиот македонски јазик Крсте Мисирков; така ја прославуваме Македонија. За време на неговиот живот тој се соочувал со околностите во кои живеел народот, понесен со аманетот на неговите претци кои го чувале македонскиот збор и песна за да не зсгаснат кое е прикажано во горенаведената песна на Радован П. Цветковски, чии стихови ќе следат во контекстот:

**„Од дедо прадедо**
**старите од милост**
**ги кажуваа зборовите,ги редеа, ги сложуваа**
**да се слуша нивната песна.“**



... Уште од мал бил оддаден на книгата. Основно училиште завржил во родното село, продолжил во Софија и Белград, каде во 1895 г. завршил учителска школа. Во Петроград студирал на Историско-Филолошкиот факултет. Се вратил во Македонија и бил професор во гимназијата во Битола. Се сретнал со рускиот конзул Ростковски со кого соработувал. После неговото убиство од Турците, одново ја напушта Македонија и оди во Русија со неколку студенти каде во Петроград организирал Македонско студентско национално друштво наречено „Св. Климент“ , пишувал статии и одржувал предавања. Почнал да ја подготвува првата книга на македонски литературен јазик и правопис „ЗА МАКЕДОНЦКИТЕ РАБОТИ“ која излезе од печат на 25 декември 1905 г. во Софија. Тоа напредно и немирно време опишано е со сите настани и локалитети од лавиринтот на Мисирковото движење:

**„Се делкаа зборовите**
**како камења под длето**
**историја цела на јазикот наш**
**дека сме народ и нација**
**патот да ни се знае**
**и зборот наш да биде**
**без мрежи телени по Беласица.“**

Познавајќи ја добро состојбата кај јужнословенските народи, Мисирков докажал дека македонскиот јазик е посебен и се разликува од бугарскиот и српскиот: „Македонија претставува одделна етнографска целина во која живеат само Македонци, а Македонците како посебен словенски народ што ја делеле судбината со словенските народи, си имаат сопствена национална историја и култура“:

**„Твоето срце**
**го рамнеше со срцето на зборот,**
**со Татковината, не сакаше да запре**
**удираше како камбана**
**и го будеше зборот**
**меѓу јавето и сонот**
**незатворен круг со Татковината**
**пат послан со трње**
**од Постол до гробот.**

Неговиот збор „удираше како камбана“ кај врховистите и предизвика големи негирања. Бил прогонет од Бугарија а книгата му била изгорена. Во 1903 се враќа во Русија и бил професор по историја. Во 1905 г. во Одеса го издавал весникот „Вардар“ и го означил почетокот на современиот македонски јазик. Во 1918 г.се враќа во Софија и останува до смртта 26 јули, 1926.

Но, неговата тажна приказна и по неговата смрт, продолжува бурно да се одвива. Со уништувањето на книгата „За македонските работи“ бугарската власт мислела дека ќе се спречи влијанието на националната свест кај Македонците. Неколку книги биле зачувани. Со созревањето на националната свест кај Македонците тој согледа дека е време да се соединат македонските Словени под едно заедничко име - Македонци а: „Јазикот на еден народ е негово духовно наследство и богатство. Да го зачува некој својот народен јазик и да го брани како светиња, значи да остане верен на духот на своите претци и да почитува се што имаат направено за своето потомство“. Овие напредни идеи беа јаки удари врз бугарските шовинисти кои се служеа со голема измама. Се се разневиде ...

**„Се разневиде и ќебенцето**
**и патното дрвено куферче**
**во кое Македонија**
**цела ја носеше дома.**
**Преселбите и сега болат**
**ко некогаш тебе**
**пат посласн со трње**
**од Постол до гробот.“**

Овој „преселник“ во својата книга на преден план му беше јазичното прашање, и рече: „ Ако Македонецот од Северна Македонија подаит рака на својот брат од Јужна Македонија и Македонецот од Источна Македонија подаит рака на тој од западна, рацете ќе се прекрстат околу Прилеп-Битола.“ Извршил реформа врз македонската азбука; да се пишува онака како што зборуваме. Секогаш зборувал за важноста на македонскиот јазик, како основно обележје на еден народ. Ова е доказ дека Мисирков е вистински Македонец и (никогаш не бил Бугарин).

Иако поминаа 147 години од раѓањето на Мисирков, неговото творештво е од непроценлива вредност и добра лекција на часовите по македонски јазик во училиштата. Тој е инспирација на поетите при Л.Д. „Браќа Биладиновци“ од Торонто, и на поетите ширум светот. Ова создава континуитет кон изучување и промовирање на македонскиот јазик. Така ќе ги чуваме цврсти темелите на македонскиот јазик каде и да сме; Саво Константиновски, Германија:

**„Ти, како да одврзa**
**светол јазол на сонцето**
**и како да му ја врати**
**денската светлина**
**на македонскиот јазик.“**

Таа светлина ќе зрачи само ако сите се грижиме и го афирмираме маскедонскиот јазик. Крсте Мисирков ќе остане во колективната меморија, а неговото име и дело вечно ќе се слават.

# MACEDONIAN FILM FESTIVAL 2023 …

Macedonian Film Festival

If you weren't there on October 20th and 21st, this is what you missed: we were five seats short of a complete sell-out of Kaymak on Friday night!! We had to screen it in two small theatres to give us more seats. Thanks to all those who were able to make it!

We were unable to screen the video of the Kaymak Q & A conducted by Elizabeth Naumovski with Milcho Manchevski, but it is available on the website. Please check it out! Milcho is always illuminating about his films and Elizabeth asks some insightful questions.

We had a great After-Party at the Holiday Inn following the film. Yummy food, good friends discussing the film, and a cake to celebrate getting back into the cinema this year. We were glad to welcome the Consul General, Sead Sadikoski and the Consul, Ilir Islami to both the film and the party. Ginny Evans gave a speech, and as she knows from experience, the shorter, the better!

Due to a technical problem, we were not able to screen The Happiest Man in the World, but we were fortunate to get Milcho Manchevski's Willow, which is the first in his trilogy, with Kaymak being the second. We screened Willow online during the pandemic, but there were many who were unable to watch it then, so they had an opportunity to see it in-person this year.

Pearl's Boat was a docudrama about Istanbul and Skopje, the historical relationship of the two cities, and love! We were able to screen the two excellent short films, North Pole, and Basket before each of the films on Saturday. We were disappointed that Goce Cvetanovski was not able to be present for The Business of Pleasure due to visa problems, but we are sure that we have not heard the last of Goce. He has a fabulous film that we are anxious to show you, and hope that we can do that next year!

Until 2024, stay tuned, make sure you are on our mailing list, and consider donating. We don't get funds from the North Macedonian government, nor any grants in Canada. This is strictly a volunteer effort, funded by the community that wants to make sure we can present Macedonian-themed films. Thanks to our Board of Directors, the volunteers, and YOU, our audiences, that make it worthwhile!!

Celebrating over 100 years of Macedonian filmmaking






# 16th Annual Members' Dinner



On October 21, 2023 St. Nicholas Macedonian Eastern Orthodox Church in Windsor held its 16th annual members' dinner. The dinner was very well attended. The president of the Administrative Council Vera Najdovska gave her report of what has been taking place in the last 7 months, as well as the financial report.

She also acknowledged few individuals who made a big difference during the year and thanked them for their contribution and dedication to the community. These individuals were: Biljana Babamova -Director of the Sunday Language and Religion School and Snezana Djurovic - Teacher at the Sunday Language and Religion School. The next group she thank were the organizers and choreographers of the Gerdan dance groups, and they were: Monika Filiposka - choreographer and organizer of KUD Gerdan adult dance group. Milica Stefanovski- choreographer of Gerdan junior dance group and their helpers Dobrila Cukarski and Suzana Stojkovski. She also presented them and the dancers with a plaque of participation they had received at the 49th American/ Canadian/Macedonian church convention in Sterling Heights Michigan.



Boban Stojkovski – received an award for Appreciation of Service and in recognition of his tireless and selfless contribution. Boban and his company AAA tree service had done tremendous job over the last couple of years, and all of his work was done on volunteer bases and never for any money or any financial compensation. Boban's work has saved the church lot of money. He was thanked and appreciated for doing a great job.



The highlight of the evening was the Life Time Achievement Award. This year's winner was Slavica Petreski, first female to win this award. Since 2007 at St. Nicholas Macedonian church, a Lifetime Achievement Award was awarded to a member of the community who had dedicated years of service and had made a big difference. This award recognizes individuals who had made significant and sustained contribution to the development and continuation of the community. Individuals such as Slavica Petreski, went above and beyond for the benefit of the community, and all on voluntary bases. This award is given to the best of the best. On behalf of our community we congratulate and thank Slavica for all her dedication and hard work.



After all the awards, the evening continued with a performance by the Gerdan dance group who entertained the attendees with their excellent choreographed dances and invited the audience to join, and they happily did. It was a happy evening where members danced, mingled and socialized with each other.







## ST. NEDELA MEMBERS FROM AJAX VISIT ST. NICHOLAS CHURCH IN WINDSOR

On October 22, 2023 we had a great pleasure of hosting members of St. Nedela Church from Ajax. What an honor! A bus load of 40 St. Nedela members boarded the bus very early Sunday morning, to be exact at 4:30 am to arrive in Windsor for church service. Before church service, we had little bit of time to have coffee and got to know each other little bit.



At 10 am church service started, and what a sight to see, our church full of guests and our own parishioners. Our parish priest Father Emil Atanasov was joined in service with father Aleksandar Zashov from Ajax. What a beautiful service, and our church choir singing from above in the balcony.



After church service we hosted a luncheon for our honoured guests. The president of St. Nicholas Vera Najdovska greeted the guests and gave a little history of church and the community center, and thanked the president of St. Nedela church Slave Bunteski, the secretary Maja Dimitrievski and the parish priest Father Aleksander Zashov for organizing this event, and thank the guests for coming.











The president of St. Nedela Slave Bunteski also greeted the attendees and gave an inspiring speech. Gifts were exchanged between the hosts and the guests. During lunch we had plenty of time to socialize with each other and exchange ideas and get to know each other. I must say what a wonderful group of people and what a pleasure to host them.

After lunch both of our Gerdan dance group entertained us. The children's Gerdan dance group not only danced but also sang. Both dance groups junior and adult Gerdan danced few choreographed dances, and invited the audience to join. We all danced and had a wonderful time! We thank the members of St. Nedela for coming and thank them for their invitation and look forward to visiting them in the spring.

We look forward to hosting other fellow Macedonians from other churches.







# КОЈ ВИ Е ПРЕТСЕДАТЕЛ ВО ЦРКВАТА?



**Пишува и уредува:**
**прота-ставрофор**
**ИЛИЈА ДОНЕВ:**
**416. 898 – 0496**
**ilijadonev@gmail.com**
**FB Ilija Donev**

Во една прилика извршувајќи ја својата парохиска должност по повод домашна слава, бев во домот на едно православно семејство. По завршувањето на чинот – водосвет и режење на славскиот леб, по малку возгордеано, еден од гостите ми се обрати со прашањето: Во црквата “Св. Илија“ скоро имавте избори, кој ви е сега претседател? Веднаш почувствував дека желба на соговорникот беше да отвори општа дискусија околу некои збиднувања во нашата црква па наместо одговор му возвратив со прашањето: А зошто прашуваш кој ни е претседател? Дали тоа е најважното што треба да се случи во црквата? Мислам дека богоугодно ќе биде ако прашаш: Како ви е црковниот живот? Кога ви се светите богослужби во црквата, или како е со богослужбите во црквата? Не сакам да бидам разбран погрешно дека сум против претседателите на црковните одбори, но мислам дека најважно е за секој христијанин, па и за тебе, најпрво да се трудиме да се запознаеме со верата, а тоа ќе го постигнеме преку редовното присуство на молитва на светата Литургија, во неделните или празнични денови. На Литургијата ќе Го сретнеме и ќе Го познаеме Бога. Бога само преку молитвата можеме да Го почувствуваме и да разговараме со Него; и Бога најјасно можеме да го сретнеме во храмот, токму на Светата Литургија. Затоа дојди со семејството на света богослужба во црквата ќе се помолиш, а ќе ги запознаеш и луѓето, а можеби, ако се погоди да е таму, ќе го запознаеш и претседателот. Оти за вистинскиот верник не е важно кој е претседател на црковниот одбор. Тие се менуваат но верата останува. Таа опстојува повеќе векови, а така ќе биде до свршетокот на светот и векот. Верниците доаѓаат на молитва и не прешуваат, па и не ги интересира, кој е претседател на црковниот одбор.

Потоа продолжив: Кога одиме во амбуланта или во болница или во било кој медицински центар најпрво го бараме лекарот. Од лекарот имаме потреба да не' прегледа и да ја дијагностицира болеста која не* мачи, а потоа лекарот одредува соодветна терапија. Ако не го сретнеме докторот тогаш сме го промашиле доаѓањето во таа медицинска установа. Така е и во Црквата. Православната Црква е најголемата и најсоодветна медицинска установа. Докторите во болниците и амбулантите го лечат телото, а Господ во Црквата се грижи и за телото и за душата на човекот. Сакале или не мораме да признаеме дека душата е најголемото богатство на човекот. Таа ни е дар од Бога. Зошто тогаш го игнорираме тој дар Божји? Како што болницата или амбулантата без лекар не е медицинска установа, така и црквата, храмот, без Бога не е вистинска Црква ниту, пак, храм. За нас, христијаните, храмот е “дом Божји“, “дом за молитва“ (Мат. 21, 13). Храмот е осветено место место каде што Бог постојано живее и обитава. Кога Мојсеј разговараше со Бога на планината Хорив Господ му заповеда да ги соблече обувките од нозете оти местото на кое стои е света земја (Излез 3, 5). Затоа и ние треба да го почитуваме храмот најпрво како свето место. Така треба да биде во Црквата.

Претседателите и членовите во црковните одбори ги бира народот. Тие сами се избираат и сами се менуваат и, иако мандатот им е привремен и работата доброволна, пак се караат, се расправаат се тужат и сл. додека, пак, учењето на Црквата има вечна вредност. И дали е сега најважно тоа кој е претседател на црковниот одбор? Важно е луѓето да живеат со верата во Бога и да се молат. Но, ете, за жал кај нашиот народ тоа не е секогаш така. Во нашите цркви луѓето повеќе размислуваат за некои неважни работи, се занимаваат некои безначајни нешта наместо да размислуваат за Бога, за верата и, што е најважно, за душата своја. И не само обичните луѓе, туку така се однесуваат и мнозина кои се избрани во црковните одбори. Мнозина од нив забораваат дека прва и најважна работа и обврска нивна е – да доаѓаат на светите богослужби т.е. на молитвата. Секој христијанин, кога е времето за света богослужба, треба да трча кон светиот храм. Не треба да чекаме да се случи нешто спектакуларно, дали избори, дали некои други безначајни работи, па да дојдеме во црквата. Многу е погрешно и тоа кога членството во црквата се употребува и користи како гласачка машинерија.

**Не доаѓам во црква затоа што не ги сакам некои луѓе**

На ова соговорникот ми вели: Јас не доаѓам в црква затоа што не ги сакам некои луѓе кои се во црковните одбори. Не знам кои се тие луѓе што ти не ги сакаш, можеби еден од нив сум и јас иако јас и ти досега не сме имале некои поблиски средби!? Но тоа и не е толку важно. Сега ме потсети на еден разговор што пред неколку години го имав со еден наш човек музичар по звање. Имено, меѓу другото, разговорот не* донесе токму на оваа тема. Тој ми вели: Јас не доаѓам на богослужба затоа што не можам да ги гледам некои луѓе од управата. Помирен сум кога ќе дојдам после службата ќе си запалам свеќа, ќе си се помолам и тоа за мене е доволно. Погрешно е, му велам, ако мислиш дека со тоа, како христијанин, си ја завршил твојата обврска кон верата. Со такво традиционално одење в црква и со такво формално и надворешно верување, само со палење свеќа, ти ама баш ништо не си направил за верата и никаква жртва не си принел на Бога. Твоето недоаѓање на светите богослужби, поради тоа што не ги сакаш некои луѓе, не е никаво оправдување пред Бога. Напротив, правиш уште поголем грев. Како ќе се чувствуваш ти ако некој ти рече: штом те слушнав тебе одсега натаму се откажувам од слушање музика! Зошто, вели, зарем јас сум толку лош музичар? Не, не си лош, ама не си ни најдобар, нели? Има мнозина кои се подобри од тебе. Сигурно дека има, вели тој. Па ако луѓето гледаат да ги слушаат само подобрите од тебе тогаш кој ќе те слуша тебе? Впрочем, во црквата не се доаѓа за да се покажеме кои сме и што сме, ниту да ги судиме и осудуваме луѓето и да гледаме кој каков е и што прави. Тоа и не е наша работа. Господ во Евангелието дури забранува да се судиме еден со друг кога вели: “Не судете, за да не бидете судени. Со каков суд судите со таков ќе ви се суди....“ вели Христос (Мат. 7, 1). Господ е Тој Кој што ќе им суди на сите луѓе и за добрите и за лошите дела. Наша обврска е да се молиме на Бога не само за себе туку и за оние кои сметаме дека ни се непријатели, кои не ги сакаме, кои ни* згрешиле и сл. (Мат. 5, 43 – 48). Палењето свеќа ќе биде прифатлива жртва доколку сме ги исполниле другите христијански норми. Без тоа свеќата нема никаква важност. Многу е невкусно кога црквата ја користиме како мегдан за меѓусебна пресметка. Сите наши лични фрустрации треба да ги заборавиме и пред да влеземе во храмот, на Светата Литургија, најпрво треба да се помириме со луѓето (Мат. 5, 23 – 24) за да биде нашата молитва и нашата жртва примена од Бога. Неопходно е да имаме љубов кон секого.

**Ние сме Христови апостоли**

Секој човек, крстен, христијанин, е апостол и мисионер Христов на земјата. Оваа должност сме ја примиле уште при крштевањето. Според тоа наша обврска не е само да ја чуваме верата, туку и да ја пренесуваме на идните поколенија и да ја шириме меѓу другите луѓе. “Одете и научете ги сите народи крштевајќи ги во името на Оца, и Сина, И Светиот Дух...“ вели Христос (Мат. 28, 19) Какви проповедници ќе бидеме ние ако не се молиме на Бога? А штом не се молиме тоа значи и верата не ни* е на потребно ниво, а токму верата е клучот за нашиот однос со Бога. За да се молиш треба прво да веруваш. Но, за жал, ние не само што не ја шириме верата надвор, туку и во “домот Божји“ сме многу пасивни. Жално е да се слуша како во некои наши цркви, од некои членови во црковните одбори, има отпор против систематското изучување на христијанската веронаука и против верското образование на децата. Според нив изучувањето на македонскиот јазик било доволно и не треба децата да се оптеретуваат со веронаука. Доволно е, велат, децата да се чувствуваат како Македонци па и нека не се добри верници. Или како ќе го објасниме тоа кога религиозни списанија и билтени наместо да се делат на луѓето за читање се фрлаат во корпа за ѓубре како непотребни и застарени!?

Скоро секојдневно сретнуваме луѓе, претежно млади, кои ни доаѓаат на врата нудејќи ни верска литертура од некои протестански секти. Тие млади луѓе се посебно обучени во нивните верски заедници за таа мисионерска работа. Дали ти, бидејќи велиш дека си многу заинтересиран за состојбите во Црквата, би ги пуштил твоите деца да одат така по куќите и да делат списанија или литература од нашата религија? Не, вели. Тие заедници во своите буџети одвојуваат посебни средства за мисионерство и секоја верска заедница бара доброволци кои ќе одат на мисионерска работа, за година или две, во други земји и други континенти. Сигурно знам во 1993 година во хотелот Holyday Inn во Brampton Баптистичката црква имаше семинар на кој, меѓу другото, правеа план како да ја прошират нивната мисија во пост-комунистичките земји, меѓу кои беше вклучена и Македонија. Значи тие оттука планираат како да ни ги земат децата од школите, а од друга страна, гледаме како нашите луѓе протестираат против сопствената Црква собирајќи потписи, петиции и тн. Тоа треба сериозно да го загрижи секој православен Македонец. Затоа неопходно е сите заедно да работиме на подобрување на квалитетот на нашата мисионерска работа. За разлика од порано денес е многу полесно кога имаме на располагање весници, радија, ТВ, интернет, социјални мрежи и слично.

Пред неколку дена, му велам, ми се јави по телефон во црквата некој човек кој се претстави како многу активен член во Muslim community и ми вели: “Сакам да дојдам во вашата црква да одржам предавање, било на возрасните било на децата од Sunday School, за исламот и да ги запознаам вашите верници со основните вистини за муслиманската вера. Оти, вели, луѓето денес имаат многу искривено гледање и погрешна претстава за исламот“. Си велам, колкава храброст и каква дрскост! Тој се осудува да праша да држи предавање за исламот во нашата црква, а ние, самите, во некои наши цркви, не смееме да спомнеме за христијанската веронаука затоа што некои управници ќе ни замерат, ќе ни се налутат и, не дај Боже, ќе не* отпуштата од работа. Неоспорно е дека има слабост и кај дел од свештенството - но секому според заслугата.

За крај ќе ти кажам уште ова: Пред да дојдам наваму при една средба во Скопје отец Гаврил Светогорец, (сега новопрогласе светител) меѓу другото, ми рече: “Оче Илија, колку и да мислиме дека муслиманите имаат погрешно верување треба да знаеме дека, сепак, тие се молат. Нашиот народ не сака да се моли на Бога“. И што вреди ако ние велиме дека Православната вера е најисправна и има најправилно учење ако, прво, самите не се почитуваме, не се молиме на Бога, не се причестуваме, не се исповедуваме и сл. Верата наша во Бога треба да биде наше убедување, кое ќе го пренесеме во животот, а никако традиционално следење и исполнување. Само тогаш ќе бидеме вистински Христови следбеници.

Тука заврши нашиот разговор бидејќи јас требаше да продолжам во извршувањето на мојата парохиска работа.

Со ова мисла не ги вознемирив домаќините. Напротив почувствувам дека сите со внимание ме слушаа. Всушност, празнувањето на домашната слава не е во богатата трпеза, туку во молитвата, во жртвата што се принесува на светецот и на Бога. Секако и свештеникот треба да најде место и простор да изложи својата поука за празникот.

*Печатењето на оваа страница е овозможено од доброчинителите Славе и Јулија Димитрови*




**Save the date**
**February 3rd 2024**
**„Goceva Komitska Vecher„**

**Зачувајте го овој датум:**
**3-ти февруари, 2024-та**
**"Гоцева Комитска Вечер„**

**SB Video**

Weddings, Engagements, Christenings, Anniversaries, Birthdays
Transfer VHS to DVD and PAL to NTS System

bozarovskistefo@aol.comPhone: 416 -299-7710/ Cell: 647-617-7931

Funded by the Government of Canada | Canada

**All-Risks Insurance**
BROKERS LIMITED
Auto | Home | Life | Commercial
Tommy A Boichevski Managing Partner
511 McNicoll Avenue, Suite 202, Nort York, ON, M2H 2C9
Bus:416.628.7949 Fax:1.855.552.7329
Cell:416.986.9973 E-mail: tboichevski@all-risks.com

**Такси Томче Битола**

Доколку имате потреба од превоз од и до аеродромите во Скопје, Солун, Софија, Приштина и други градови јавете се кај Томче.

Такси превоз низ цела Македонија и надвор од неа.
25 годишно искуство како професионален такси возач.
**Тел: 070 743 330**

Fm98,7MHz
STEREO
РАДИО
МЕФФ
☎ + 389 48 411111
www.radiomeff.mk

**MACEDONIAN RADIO PROGRAM**
https://www.youtube.com/user/Oro-MakedonskoChicago

**Oro Makedonsko**
https://www.facebook.com/oro.makedonsko
*Boshko Rajchvski - Pelisterski*
*810-335-5552*




VIC DEJANOVIC
REAL ESTATE TEAM
RE/MAX HALL OF FAME
RE/MAX Hall Of Fame 2021
TITAN
RE/MAX TITAN AWARD 2022
TOP 1% TRREB
2020-2022
Born and raised in Skopje, Macedonia, Vic Dejanovic takes pride in offering exceptional service for the Macedonian community.
Vic's award winning service has brought him great success and has put him on a level above the rest.
Servicing GTA, Durham Region, Northumberland County, Peterborough, and Kawartha Lakes.
We are proud to be in the top 1% on TRREB.
FOR SALE
366 SYER LINE
CAVAN MONAGHAN
FOR SALE
3920 COUNTY ROAD 14
ENTERPRISE
COMING SOON
25 FINEGAN CIRCLE
BRAMPTON
SOLD
25 COLLEGE ST #205
BELLEVILLE
SOLD
17 JAMES STREET
CALEDON
SOLD
3723 HOLDEN CRES
MISSISSAUGA
SOLD
159 YACHT DRIVE
CLARINGTON
SOLD
123 LAKING DRIVE
NEWCASTLE
SOLD
267 LIBERTY ST N
BOWMANVILLE
SOLD
24 HOBBS DRIVE
CLARINGTON
SOLD
23 SOMERSCALES DR
BOWMANVILLE
FOR SALE
316-8 DAYSPRING CIRCLE
BRAMPTON
FOR SALE
599 OTONABEE DR
PETERBOROUGH
SOLD
124 ASPEN SPRINGS DR
UNIT 304
BOWMANVILLE
SOLD
1075 TOWNLINE RD N
CLARINGTON
CALL TODAY FOR YOUR COMPLIMENTARY
MARKET ANALYSIS OF YOUR HOME
DIRECT 416-835-3341
905-924-4250
vic@remaxrougeriver.com
www.sellwithvic.com
RE/MAX ROUGE
RIVER REALTY LTD, BROKERAGE
INDEPENDENTLY OWNED AND OPERATED
SCAN ME
NOT INTENDED TO SOLICIT THOSE ALREADY UNDER CONTRACT


Comstock Auto Service Ltd
19652 ON-48, Mount Albert, ON L0G 1M0
(905) 473-5625
Марко
Најголемиот македонски автомобилски парк во Канада. Јавете во COMSTOCK кај Панде и Марко Јадилебовски
Панде


ZORAN NICESKI
B.COMM., SRS, ABR, RENE, BROKER
Over 20 Years of Selling Experience
Seller Representative Specialist (SRS)
Accredited Buyer Representative (ABR)
Real Estate Negotiating Expert (RENE)
PROVEN Selling system to achieve highest price
100% successful transaction closings
PROFESSIONAL Photography, Virtual Tours, Home Staging 1
FREE Home Evaluation
SERVING THE GTA & SURROUNDING AREAS
#1 RE/MAX
Re/Max All Stars Realty Inc. Brokerage, T: 905.477.0011
416.726.1595
Direct
www.niceski.com
zniceski@trebnet.com
SRS
ABR
RENE Real Estate NEGOTIATION EXPERT
Platinum Club Award
Hall of Fame Award
100% Club Award


MICHAEL GEORGIEV
Partner, VP of Construction & Real Estate
CONSTRUCTION, REAL ESTATE INSURANCE & BONDING EXPERT
michaelg@jdimi.com
647.501.2615
JONESDESLAURIERS INSURANCE MANAGEMENT INC.
NAVACORD


MAK General Contracting
416 991 0969
INFO@MAKGENERALCONTRACTING.COM
DRYWALL
FLOORING
PAINTING
TILING
PLUMBING
ELECTRICAL
DEMOLITION
EXCAVATION
DISPOSAL
CONCRETE
EXTERIOR
LANDSCAPING
FENCES
DECKS
TRIMS & MOULDING
DOORS AND WINDOWS
COMMERCIAL RENOVATION
RESIDENTIAL RENOVATION
INDUSTRIAL RENOVATION
PROPERTY MAINTENANCE
COMMERCIAL
RESIDENTIAL

**-На 3-ти ноември 1944**
Во селото Горно Врановци, е донесена одлука за основање на Школата за народни учители во Скопје.

**-На 4-ти ноември 2004**
САД ја признаа Република Македонија под уставното име.

**-На 5-ти ноември**
1968 Во МНТ била одржана премиерата на операта „Цар Самуил“ на композиторот Кирил Македонски.

**-На 8-ми ноември 1977**
Грчкиот археолог Манолис Андроникос тврди дека го открил гробот на Филип II Македонски во Кутлеш, Берско, Егејска Македонија.

**-На 9-ти ноември 1944**
НОВ: Ослободен е Велес.

**-На 25-ти ноември 1990**
ВМРО-ДПМНЕ победи на првите повеќепартиски избори во Македонија со 37 места во Парламентот. Сојузот на Комунистите на Македонија добива само 31 место.

**-На 27 ми ноември 1941 -**
Завршува судскиот процес против 15 уапсени комунисти што се одржува во Охрид. Од нив само 5 се осудени, меѓу кои Лазар Колишевски и Петре Пирузе на смрт со бесење.

**-На 29-ти ноември 1926**
Во Тетово е пуштена во редовна работа ХЕЦ „Пена“ — прв хидроенергетски објект во Македонија (дотогаш сите биле на јаглен).
Изградена е во периодот од 1924 до септември 1926 година. Инвеститор било Тетовското индустриско акционерско друштво основано на иницијатива на Г-дин Михајлович, руски емигрант кој живееел во Тетово.

**-На 3-ти ноември 2015 година**
Отец Никодим Царкњас од С ботско беше гостин на свечениот гала банкет во црквата Свети Димитрија Солунски во Маркам. Една недела пред тоа тој се срет-



на со македонската заедница во Канада во црквата Свети Климент Охридски каде што беше пречекан од мноштво Македонци кои ја дадоа својата поддршка за црквата чиј што духовен лидер е тој Света Злата Мегленска. На 14-ти Ноември дедо Никодим беше присутен на Лиреинското оро.

**-На 24 ноември 2018-та година**

во Торонто се одржа традиционалната ,,Скопска Вечер. Во тогашниот управен одбор



на претседателот Мичо Марков му помагаа заменикот Васил Кајчески и благајничката Даниела Шојлева. Во новата управа покрај претседателот Боби Пешевски се најде и Васил Грковски. Освен Македонци од Скопје на забавата присуствуваа и голем број почитувачи и пријатели на Скопјани од другите градови на Македонија. За музичкото расположение се погрижи познатото музичко дуо Мирко и Љупчо. На радост на присутните со прекрасен избор на песни се претстави и големата македонска музичка ѕвезда која живее и работи во Канада Смиља Андоновска.

**- Во ноември 2018 година** се одржа Првта Македонска Религиозна прошетка во Израел и Јордан.Свештеникот Гоце Деспотовски од МПЦ С.Богородица од Кембриџ беше духовен водач на ова православна тура.

Во дел од програмата на турата беше вклучена и посета на Јордан каде со посета на мртвото море и археолошкиот проект Петра при што на самиот влез во градот горделиво се вееја Јордански и Македонски знамиња.На самото стигнување во музејот Петра како што изјави организаторката Лила Зајаковска бевме информирани дека македонскиот претседател д-р Ѓорѓе Иванов ќе го посети



истиот локалитет и музеј. Околу два часот попладне пристигна д- р Ѓ.Иванов со неговата сопруга ѓ-ѓа Маја и пратеници, неколкумина од нашата група кои бевме веќе вратени од локалитетот Петра, возбудени почнавме гласно да извикуваме: МАКЕДОНИЈА, МАКЕДОНИЈА, на тоа д- р Ѓ.Иванов пријатно се изненади и со голема насмевка запраша ”ОД КАДЕ СТЕ ВИЕ? КОИ СТЕ ВИЕ ?.

-Јас му објаснав дека сме прва Македонска религиозна тура од Св.Недела од Канада во посета на светата земја. д- р Ѓ.Иванов предложи да се види со свештеникот Гоце Деспотовски и да направиме неколку фотографии со членовите од турата-изјави тогаш госпоѓа Лила.

**-На 1-ви ноември 2017 година** се одржа Вечер за Поддршка на Весникот ,,Македонија,,

Благодарение на Вашата доверба весникот опстојува до ден денес, а беше издаден на 1-ви ноември 1984-та година, рече на свечениот банкет поранешниот уредник Танас Јовановски кого го наследи сегашната уредничка Соња Лозановска.

-Изразуваме огромно задоволство и почит драги соработници, поддржувачи, дарители, вие кои од искрена љубов кон татковната Македонија, како и ние самите секојдневно се бориме за зачувување на македонскиот идентитет, култура, пишуван збор, традиции на овие простори- изјави тогаш госпоѓа Лозановска.



40 ГОДИНИ ОД ПРВИОТ БРОЈ НА ВЕСНИКОТ **„МАКЕДОНИЈА"**
**ОБЈАВЕН НА 1 - ВИ НОЕМВРИ, 1984 ГОДИНА. ОСНОВАЧ И УРЕДНИК ТАНАС ЈОВАНОВСКИ**

## ОРГАНИЗАЦИЈАТА ОБЕДИНЕТИ МАКЕДОНЦИ ГО ПРОСЛАВИ 11-ТИ ОКТОМВРИ – ДЕН НА ВОСТАНИЕТО НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ПРОТИВ ФАШИСТИЧКИТЕ ПОРОБУВАЧИ



Обединети Македонци, Торонто, 11 октомври 2023

По повод 11-ти октомври, Денот на востанието на македонскиот народ против фашистичките поробувачи во 1941 година, Организацијата Обединети Македонци оддаде почит пред споменикот „Во чест и вечна слава на паднатите борци за ослободување на Македонија“, кој нашата организација го подигна во 1979 година, во дворот пред македонската катедрала „Св. Климент Охридски“ во Торонто.
Свештенослужителите Александар Тодоровски, Јован Босеовски и Илија Донев оддржаа молитва за покој на душите за сите паднати жртви за ослободување на Македонија и македонскиот народ.

По молитвите, во име на организацијата „Обединети Македонци“ и Леринското здружение, беа положени венци во чест и слава на сите борци кои ги положија своите животи на олтарот за слободата на Македонија и македонскот народ.



------

Организацијата Обединети Македонци во Канада е основана во 1959 година со цел Обединување на Македонците во нивната борба за етнички, јазични и културни права во Канада, како и ширум светот. За повеќе податоци слободно јавете се на нашата е-адреса info@unitedmacedonians.org, на нашата мрежна страна www.unitedmacedonians.org или на фејсбук https://www.facebook.com/UnitedMacedoniansCanada/.

The United Macedonians Organization of Canada was founded in 1959 with the goal of uniting Macedonians in their fight for ethnic, linguistic and cultural rights throughout the World.
For more information contact us through our e-mail address at info@unitedmacedonians.org, our internet page www.unitedmacedonians.org or on Facebook https://www.facebook.com/UnitedMacedoniansCanada/.







*Funeral planning can get overwhelming, but you're not alone. Our staff is here to support you and help you through your grief journey while honoring your loved one. To help you get started, below is some helpful information. But please feel free to contact us with any questions.*

HERITAGE FUNERAL CENTRE
O'Connor Bros. & Ralph Day Chapels

## АФОРИЗМИТЕ НА ТАШКО КУБАНОВСКИ

*Трагедијата на животот се крие во тоа што премногу брзо стануваме стари, а подоцна мудри.
*Потребна е мудрост за да се разбере мудроста: надежта е сон на будните.
*Послушноста кон Бог е најдобар рецепт за добро здравје.
*Ако не можеш да го прецениш карактерот на некој човек, погледни ги неговите пријатели.
*Пријателот го запознавме дури кога ќе го изгубиме.
*Раната што ќе ти ја зададе пријател не зараснува.
*Стариот пријател е најдоброто огледало.
*Секоја љубов поминува, а несогласувањата остануваат.
*Се опива од љубов – се отрезнува со вино.
*Советите се најлошите монети со кои можат-да се платат пријателите, а единствената добра монета се состои во помагањето.
*Ако сакаш да бидеш сакан, значи да го чувствуваш сонцето од двете страни.
*Колку вреди нештото ќе дознаеш кога ќе го изгубиш.

## ВИЦОВИ

Мажот дома врши лавовски дел од работата.
Главно јаде и спие.

******

Разговараат двајца вработени во јавна администрација:
– Замисли, вчера работев две смени.
– Зошто?!
– Случајно сум задремал, а никој од колегите не ме разбудил.

.*****

На судење, судијата го прашува обвинетиот:
- Зошто ја ограбивте банката?
- Таа прва почна.

*****

Се раѓаш гол, мокар, веднаш ти плескаат шамар и почнуваат да те мерат и споредуваат... Потоа станува уште полошо.

*****

Ако мажот го памти твојот роденден, ги чува твоите слики, ги знае сите твои мисли, тоа не е обичен маж, тоа е Марк Цукерберг!

*****

Македонец не можел повеќе да ја издржи 30-годишната бедна политика во земјата и конечно решил да отиде на психијатар.
Психијатарот му вели:
– Напиши му писмо на оној политичар кој најмногу те нервира, а потоа запали го!
Македонецот:
– Во ред. А со писмото што да правам?

****

Шест од десет Македонци живеат под стрес.
Другите четири живеат во странство.

*****

Исповед на еден народен пратеник:
- Сè што имам, сè сум украл! Купени ми се само дипломата и возачката дозвола.

****

Закажан е натпревар:
Власта против Криминалот.
Уште една пријателска утакмица.

****

Мајсторот вели:
„Не можев да ти ги поправам кочниците, па ти ја појачав сирената на колата“.

****

Македонец на Титаник.
- Абе, брат, бродов тоне?!
- Абе уживај, на татко ти да не е!?




## НАПРАВИ САМ

Во оваа рубрика НАПРАВИ САМ ќе може да се запознаете како да направите прекрасен дизајн, декорација, украс, нова облека, разни акцесорис за вас лично или во вашиот дом. Изработката на сите предмети е рачна и понекогаш на машина за шиење. Материјалите кои ги користам во изработката на предметите и облеката се веќе искористени или постоечки во некој друг дезен и вид, кој се разбира не ни треба повеќе. Рециклирањето е број еден за заштита на нашата убава планета земја. Затоа да бидеме инвентивни и да направиме нешто убаво и корисно!
Да почнеме: Денес ќе ви дадам идеја како да си направите репарирани фармерки:

**1.Стари фармерки;**
**2. Фармерките за репарација;**
**3. Ножици;**
**4. Машина за шиење;**

Од старите фармерки извадив парчиња кои ќе ги употребам за репарација. Добро е да бидат во слична боја и ист тип на тексас. Ако се со ликра фармерките и парчињата треба да бидат еластични. Најпрвин ги шиете од лице , а потоа и од опачина. Јас користев зиг-заг линии за поинтересен да биде дизајнот. Можете да употребите и материјал со боја на вашата кожа или црни, изборот останува на вас. Репарирани фармерките добија уште поинтересен изглед, а истовремено можам да ги носам и во студените есенски денови.
Сега е на ред на вас да пробате и да уживате во секоја ваша идеја и креација!

**Рубриката НАПРАВИ САМ ви ја подготви Каролина Ристеска.**




Превоз на стоки за и од Америка и Канада со брод и авион



Македонија, Србија, Црна Гора, Хрватска, Босна и Херцеговина и Европа.

ПРЕВОЗ НА СЕ’ - ОД ПИСМО ДО КОНТЕЈНЕР
Пакети со подароци, пренесување на покуќнина, комерцијална стока, машини, автомобили, бродови, мотори, хуманитарни пратки и друго.
Пратките можеме да ги подигнеме од вашата адреса и да ги спакуваме за транспорт.

**За компании и поединци ги обезедуваме:** потребната логистика при истражувањето на пазарот за увоз и извоз на стоки и услуги, работиме консалтинг, вршиме маркетиншки промоции и сл..
На ваше барање извршуваме комплетна царинска процедура и испорака на пратки на посакуваната адреса.

MTT -GROUP 309 Armstrong Ave. Georgetown, On L7G 4X6
email: canadatransport1@yahoo.ca Call Centre: 416-251-4544 Cell: 416-939-0513; 226-606-2892; 647-909-0970

# OLD MILL PASTRY & DELI




*WELCOME TO OLD MILL PASTRY And DELI*

**Freshly Baked Bread and Pastries**

*Old Mill Cafe is an Eastern European coffee shop*

*We serve freshly brewed coffee, balkan-style hot meals and delicious desserts*

Contact Address:

385 The West Mall, Etobicoke, ON M9C 1E7, Canada

Contact Info:

416.551.1779 / 416.519.0064
Email: info@oldmillpastry.ca

Working Hours:

Tuesday to Sunday 8:00AM - 8:00PM
Monday - CLOSED

